СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД IV-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 56-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. АНДОНОВ ТИМЕ - 71
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 2, 8
з. АЛИУ ЕШТРЕФ - 3, 58
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 20, 70
5. АЛИУ ХАМИД – 33, 31
6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 72
7. БОШКОВ ЈОРДАН - 67
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 74
9. ДИМОВ ТОДОР - 22
10. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 34
11. ЖУТА БЕЌИР (од Влада) 25, 77
12. ИВАНОВ ИВАН - 59, 80
13. ЈОВАНОВ РИСТО - 4
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 9, 42
15. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 61
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 4, 6, 16, 54
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 14, 17, 19, 41
18. МИНОВ ПАНЧО - 23, 65
19. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 37, 50, 51
20. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 48
21. НИКОЛОВ ЈОВАН - 10
22. НИКОЛОВ ДУШАН - 80
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 38
24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 1, 5, 7
25. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 3
26. ПЕТРОВ ТОДОР - 29, 62, 78
27. САДИКУ ФЕРИД - 59
28. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 56
29. СТАНКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 52, 53
30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 13, 18
31. ТОДОРОВА СОФИЈА (Влада) - 46, 73
32. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 42
33. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 66
34. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 18
35. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 39
36. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 57

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 16 март 1993 година

Седницата продолжи со работа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 11,30 часот.

Со седницата претседаваше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Благоја Чкатроски, Александар Гештаковски, Ристо Стаменов и Љубисав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **<u>точката 81</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија.</u>

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Предлогот на одлуката за изменуван>е на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ, особено Предлогот за разрешување на пратеникот Гоце Андоновски, од член на Комисијата за здравство го сметам како уште еден удар на демократијата во Македонија и чин на дисциплинирање на пратениците. Сметам дека со ова групата на дискриминирани пратеници во Македонскиот Парламент се зголемува и поделеноста помеѓу

пратениците на привилегирани пратеници и пратеници од втор ред, станува се поизразена. Некои пратеници може да членуваат во 3-4 комисии, а тие што се покажаа непослушни кон централните комитети и партиските врхушки немаат право да членуваат и да го дадат својот допринос во ниедна комисија.

Предлогот за сменување на г-дин Гоце Андоновски од Комисијата за здравство на предлагачот барам да биде образложен дали е тоа плод на неговата неуспешна работа во Комисијата, затоа што јас имам комплетно спротивно мислење. Мислам дека г-дин Гоце Андоновски даде огромен придонес во работата на Комисијата за здравство и штета е што на еден ваков недоличен начин, поради непослушноста кон партиското раководство на СДС сега сме доведени во ситуација да го тргнеме од таа Комисија.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас му благодарам на колегата Михаил Пановски за изразената доверба кон мене како член на Комисијата за здравство, меѓутоа ја поддржувам одлуката на Комисијата, се разбира што е произлезена од стравот на СДС јас да бидам разрешен од оваа Комисија. Меѓутоа, независно каков е ставот на СДС јас како пратеник во границите на моите можности, во границите на мојата стручност со сите можни средства и начини и активности ќе ги преземам во афирмирањето на системот за здравствена заштита на Република Македонија. Тоа е прво.

Второ, ако сме правна држава нормално е дека треба да почитуваме одредени правни норми, а се разбира СДС тоа добро го знае и го практикува. Ако е пак целта да се редуцираат кадри, како што тоа

впрочем е случај и со Владата од приправници да правиме големи стручњаци, јас таков концепт не поддржувам.

Трето, бидејќи е пазарна економија мислам дека и принципот кој повеќе може да грабне, и тоа го оправдувам.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Концептот кој настојува да се брани во појдовна основа е погрешен и неприфатлив. Имено, ако РМ одредува свои претставник во било кое тело, а тој претставник откажува послушност на РМ нај- основно што таа треба да прави е да одреди свои член кој ќе ја реализира таа политика и тој концепт. Сите пратеници кои откажуваат послушност кон Партијата, кон пратеничката група, а по тој основ се таму испратени сосема е оправдано да се менуваат. Тука политика не се прави, на друг начин, да се разбереме. Колку и да бидеме слаткоречиви или тешки во зборовите. Ве молам околу оваа работа начелно треба да постои разбирање. Господинот конкретен и сите други имаат друга позиција и од таа друга позиција Собранието е должно да води сметка и за нивно приклучување во комисии каде тие имаат афинитети и способности.

Ценам дека кон овие работи вака треба да се гледа.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво, не се согласувам со оценката што беше искажана од страна на пратеникот Михаил Пановски, дека тоа е уште еден удар врз демократијата, како што беше во негов стил објаснето, бидејќи уште пострашно би било кога поединец би вовел или би имал намера да воведува дисциплина во целата пратеничка група како што има обид од страна на г-дин Гоце Андоновски.

Вториот момент мислам дека јавно Гоце Андоновски, даде изјава дека не се согласува со политиката на СДС. Би било смешно човек што отиде во независни пратеници да го држиме во нашата квота во Комисијата за здравство.

Трето, ние имаме човек во нашата пратеничка група кој што е исто така лекар, кој што е конструктивен и може да дава придонес во таа Комисија, а да биде надвор од таа Комисија. Тоа се тие неколку моменти.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дами и господа, јас со Ештреф Алиу не спорам дека ние треба да членуваме во оние комисии каде што сме биле,во тие политички партии. Сега е спорот зошто во ниедна Комисија од 20-те да не можеме да членуваме, а во истите тие комисии еден пратеник членува во 3-4 комисии. Јас се прашувам дали се и колку редорни да можат да членуваат во сите тие комисии. А, не е спорот, сами ние дадовме оставка од комисиите каде бевме предложени од ВМРО-ДПМНЕ. Тука нема спорно ништо. Тие како политичка партија сакаат да си имаат свој чле , што е сосема нормално. Нас не интересира зошто да не можеме да членуваме во ниедна друга комисија , кој е критериумот на комисијата за избор и именување.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, Ова ме предизвика да станам и да кажам неколку зборови Јас сакам да го поддржам излагањето и на пратеникот од СДС и на Ештреф Алиу, но, откако му дожеже, по туѓиот сто не болат, а по својот еден боли. Кога баравме ние за Коле Мангов и други, кога велевме дека избегаа од нашата партија да се разрешат како членови, бидејќи дадоа изјави дека

не сакаат да бидат, тогаш велевте не, тоа е негово право. Претседателот на Собранието Стојан Андов, - тоа е негово право зошто да го мениме, да си остане Коле Мангов, а сега господата од СДС, вели дека тој избега и треба да се менува. Правилно е тоа и јас сум за тоа, меѓутоа, требаше под еднакво, и тогаш да се застапува истата теза, а не кога ќе сакате само вие. Да бидеме категорични за една работа. За нас не, за вас да. За вас овој избега од партија, поднесе изјава, а нивниот не беше избеган. Зошто вие гласавте тогаш кога сакавме ние да ги разрешиме, значи многу правилна политика водите и ви честитам, продолжете да водите само таква политика.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи господата Ештреф Алиу и Љупчо Поповски ме спомнаа ценам за потребно да им одговорам на некои работи.

Најпрво не треба од оваа говорница да ги поистоветуваме државните и партиските интереси. Во оваа наша држава, од воведувањето на повеќепартизмот имаме случаи одредени партии да си ги поистоветуваат своите партиски интереси со државните. Ценам дека и господинот Ештреф со своето истапување прави еден знак на равенство тука. Друго е државниот интерес на Република Македонија, а сосема се други партиските интереси. Ценам дека мора тие две работи да ги разликуваме.

Дека е тоа удар на демократијата јас цврсто сум убеден. И со самиот третман на медиумите врз тие пратеници кои се осудија да си го запазат своето достоинство човечко и секакво, јас тврдам дека тоа е страшен удар врз демократијата во Македонија. Ние мораме да негуваме традиција и да створаме почва секој слободно да си го искажува своето мислење без притоа да трпи било какви последици. Само така може да ја развиваме демократијата во Македонија и само така како држава можеме да одиме напред во демократијата.

Господинот Мицевски вчера и денес , не сакам со него да навлегувам со него во полемики, но иако вчера бев лично навреден од неговата изјава дека камен што се тркала не паѓа на место, ако добро запаметив, но мораме сите овде да бидеме свесни дека во услови на повеќепартизам, во услови на демократија секој си го бира друштвото во кое ќе се дружи. Помина времето кога беше една партија и сите мораа да бидат во таа партија или да бидат надвор од таа партија. Сега има повеќе партии и секој таму каде што ќе си го најде интересот, таму ќе си членува, таму ќе си се дружи и таму ќе си ги бара своите интереси. Колку и да ни биде криво за некои работи за тоа мораме да бидеме свесни. Ценам, дека е подобро ако треба и да се излезе од една партија на чесен начин отколку да остане во таа партија и да работи за цело време против таа партија.

И она тврдење што сега го кажа г-дин Мицевски. Г-дин Мицевски овде јас ви тврдам, а тоа е работата на Комисијата за избор и именување многу добро го кажува, за нас не гласале никој, туку сите водечки партии во Парламентот, четири ППД, ВМРО, СДС, Либералите беа против нас за цело време во работата на таа Комисија. А, за г-дин Коле Мангов сум бил и секогаш ќе бидам од оваа говорница и ќе го поддржувам затоа што тој е влезен во Уставната комисија како независен експерт. Јас барем така мислам. Тоа беа експерти што се предлагаа во Уставната комисија, независни за да дадат свои допринос во работата на Уставната комисија, а со својата работа господинот Коле Мангов докажа дека е независен експерт.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Јас сакам да кажам дека доколку се сеќавам Коле Мангов беше предложен од групата на ВМРО-ДПМНЕ, а не вие Господине Пановски.

Тој беше кандидат и член на таа Комисија од името на ВМРО. Немојте да ја извештачувате работата. Сега ви дојде пожешко па сакате да се исправате. Сакаш да вадиш костени со голи раце, а не се вадат костени со голи раце од жар. Не ви е никој крив што си ја згрешивте работата, па сега сакате да се исправате, и вие и сите тие . Не ви реков јас, и точно кога дека каменот тежи додека е на место, а кога ќе се стркала повеќе не тежи. Кој знае каде ќе запре некаде. Јас не ве напаѓам вас. Јас го оправдувам и СДС што бара , затоа што партијата си делегира во комисиите членови. Сега ти сакаш да ми бидеш мене член на мојата партија? Па не може тоа така да биде. Само прво тие погрешија, една мана им беше што прво не не послушаа така да биде и немаше сега да се случуваат вакви грешки. Сите ќе си седеа онаму каде што беа. Зошто ги вреѓаш избирачите ти, кога на име на ВМРО те изгласаа, дојде тука, па сега друга партија. Која е таа твоја друга партија, која е таа негова партија? Со двајца тројца ќе правиме партии, го осиромашивме народот, наместо да работиме да носиме закони за стопанство, за земјоделие, за други работи ние овде се давиме дали да биде во комисијата или не. Чудно ми чудо ако не е Пановски во Комисијата, синки жар ќе прегори.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас немам намера да реплицирам со г-дин Мицевски, но тука се искажуваат тврдења кои што јас морам да ги демантирам.

Очигледно дека г-дин Мицевски не знае некои работи и јас морам да му ги укажам од оваа говорница.

На 15.VI1.1992 година, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бараше да бидеме ние разрешени бидејќи немаше во тие комисии членови, и ние на најџентламенски начин си дадовме оставка од тие комисии, не сакавме да го зафаќаме местото на најбројната пратеничка

група. Ние да бидеме членови, а ВМРО-ДПМНЕ да немаат членови во тие комисии. Тоа беше принципиелната наша заложба. Ние секогаш ќе се залагаме, барем јас лично, принципиелно сметам дека сум настапувал, а дали тоа што кажа г-дин Мицевски сме ја згрешиле работата, или не сме ја згрешиле работата, јас лично чувствувам дека не сум згрешил и секогаш сум настапувал според својата совест. Се додека бидам во политиката јас ќе си настапувам онака како што мислам, и не признавам тутури одозгора да командуваат со мене.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас кажав дека во принцип се слагам со Одлуката на Комисијата и ја прифаќам како таква, меѓутоа, констатацијата дека јас како независен пратеник можам некого да дисциплинирам, да ориентирам партија за мене е неприфатлива. Моите ставови и моите погледи исклучиво се темелат врз животната, работното искуство и врз мојата интелектуална способност. Така и понатаму мојот однос ќе биде, согласно моите претпоставки за понатамошното градење на Република Македонија.

II/1.-ДВ/МЛ

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Второ, јас како пратеник се чувствувам како репрезент на еден дел од еден народ и ги почитувам и ќе ги поддржувам сите барања и потреби на тој народ што мене ме избрал, независно од партијата каков однос има по тие прашања.

На крај да кажам дека во услови на еден повеќепартиски политички амбиент кога навистина партиите сеуште ги немаат зацврстено своите програми онакви какви што се декларираме на почетокот, нормално е да има одредени отстапки на одредени пратеници, еве, како што се случува и денес во македонскиот Парламент едни пратеници да одат од една во друга партија.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван претседателе на Собранието, почитувани дами и господа. Ќе се потрудам да размислувам малку поинаку од сите претходни пратеници што размислуваат.

Јас сум член во Комисијата за избори и именување. Но една голема причина и еден голем факт овде излегува на виделина. Во политиката и во политичката битка нема сентименталности, нема милост и нема џентлменство. Ако некој досега за овие две години не сфатил дека навистина во оваа политичка битка нема џентлменство и нема фер - плеј односи, тогаш навистина треба да се праша зошто седи во овој Парламент и зошто влегол во ваква игра. Мене не ме чуди што одредени пратеници кога гласаа за измена на Уставната комисија нивниот став беше да останат членовите во таа Комисија, а денес на оваа говорница дискутираат сосема обратно. Таа е нивна лична хипокризија, нека си ја лечат на било кој начин. Но, една работа што сакам да укажам за опозицијата. Не треба да се плашиме. Позицијата ќе руши се пред себе додека опозицијата не и застане на патот со најконструктивни, најпаметни работи и со она што може да го предочи кај народот на каков

пат и во каква состојба не води позицијата. Се додека не го разобличиме сето тоа и се додека не сфатиме дека во сите комисии ќе бидеме надгласувани, без разлика на вистината, исто така ќе бидат правени сите промени натаму во комисиите од страна на коалицијата, се дотогаш ние ќе имаме еден ваков соодност и рамнотежа на силите во овој Парламент. Затоа не ме чуди, ви честитам за умешноста и продолжете така, само тој пат може да ве доведе на крајот од пропаста.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани претседателство, почитувани пратеници. Мислам дека кога се излезе на оваа говорница да се зборува вистината и односот на силите што владеат во овој Парламент.

Кога се конституираа комисиите сите знаете дека беа застапени пропорционално сите партии во зависност од тоа кој колку пратеници имаше во нив. Зошто сега во услови кога одредени пратеници од ВМРО и Социјалдемократскиот сојуз отидоа како независни пратеници и се изменија односите во комисиите и сега кога Комисијата предлага да дојде до измени бараме некои политички игри во една нормална процедура која што би била во секој еден систем. Јас го почитувам колегата Гоце Андоновски како стручњак, како човек кој досега работел во Комисијата за здравство кој придонел во разрешувањето на одредени проблеми кои биле во Комисијата за здравство, бидејќи и јас сум член на таа Комисија, но нема право сега да го заземе местото исто така на еден пратеник од СДС на кој му е местото во таа Комисија, барем спрема распределбата на местата во комисиите. Имаме ваков пратеник во СДС, исто така лекар кој сеуште не е член на ниедна комисија. Ако не е член сигурно СДС има право да го предложина местото на јас мислам на испразнетото место кое што  му припаднало на СДС во таа комисија,а тоа е местото на господин Гоце Андоновски, што не значи дека понатаму

ова Собрание не може да размислува за проширување на овие комисии и на господинот почитуван колега Гоце Андоновски да му се најде соодветно место во одредена комисија, па нека е тоа и Комисијата за здравство. Мислам дека тука не смее да се манипулира. Тоа е најлошо. Тоа е една нормална процедура во секој еден плуралистички систем. Така треба да ги гледаме работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (16 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Сега се враќаме на точка 47.

Минуваме на **точка 47** - Предлог за донесување на закон за административните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и , Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за административните такси.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој). !

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 36 во тарифниот број 102 во точка 1, Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4, член 26 и на членовите 31 став 2, 33 и 34, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на член 18 став 1, точка 21.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 15 точка 19 со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Авди Муртезани поднесе амандман на член 36 тарифен број 4, точка 1 по кој Владата не е произнесена.

II/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 36 тарифен број 4, точка 1, поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа амандманот од Комисијата за финансирање и буџет и амандманот од пратениците Муртезани и Шаќири. Таа останува на својот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мојата сугестија е повеќе по амандманот на Комисијата за финансирање и буџет а ние сега расправаме за амандманот на Авди Муртезани.

Инаку претставникот на Владата на седница на Комисијата го прифати овој амандман и фактички овој амандман се однесува на член 36 во тарифниот број 102. Мислам дека Владата нема причина да не го прифати овој амандман заради тоа што фактички во овој тарифен број е испуштена сумата на тарифата. Таму треба да стои износ од 30.000,00 денари, бидејќи во тарифниот број 102 гласи: "За барање дополнителна пријава на патент, односно дополнителен патент да стане основна пријава односно основен патент, нема сума". Тоа во тарифниот број е наведено.

На расправата во Комисијата се заклучи дека износот во овој тарифен број треба да изнесува 30.000,00 денари. Мислам дека претставникот на Владата на седницата го прифати амандманот и воопшто не е спорно. Ме чуди зошто сега не се прифаќа.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Ние сега расправаме по амандманот на пратеникот Авди Муртезани.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (41 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор?

**БЕЌИР ЖУТА:**

Молам поради недоразбирање, се прифаќа ставот на Комисијата за финансирање и буџет како составен дел на текстот на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? {Никој) .

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за административните такси.

II/7.-

Преминуваме на **<u>точка 48</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стапките на даноците на граѓаните, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон?

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стапките на даноците на граѓаните.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (3 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (3 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

II/8.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници, Јас немам некои големи забелешки во однос на данокот на граѓаните, на стапките со покачувањето затоа што сум свесен за тоа што неколку години наназад не е валоризирана. Таа стапка не го прави бедно земјоделието и не го осакатува, туку ние преку тоа ја криеме другата политика со која велиме дека ќе го унапредуваме земјоделието, а заправо, по мое мислење го уназадуваме земјоделието, а од причини, да не кажувам многу, ќе дадам неколку показатели да видите од каде е земјоделието нерентабилно. Не од даноците туку од овие показатели.

Кога велам овие показатели,велам показатели по хектар. Име- но за еден хектар посеана пченица е потребно околу 280 кгр. пченица, по 800 денари, тоа е 224.000,00 денари. Дури да дојде до жетва да ги плати, тој треба да плати на тие плус уште 20% камата.

III/1.- JM/ЉР

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

Есенско ѓубриво 300 кгр. по хектар, тоа е 185 илјади и плус на него за 4 месеци 20% камата. Исто толку ѓубре за пролетно поткранување за 4 месеци тоа изнесува 98 илјади динари плус 20% камата. Заштитни средства 3,5 кгр. по хектар, тоа е од треви и други ако некој не знае што се заштитни средства, тоа изнесува 138 илјади.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не е таа точка на дневен ред.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Добро, сега да довршам, тоа ќе важи за следната точка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кога ќе биде таа точка на дневен ред, тогаш ќе ви дадам збор.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесоа амандман на член 1 точка 6 и 7 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Славјанка Стојанова и Јордан Зафиров поднесоа Амандман за додавање нов член 1-а со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас излегов да дадам само една забелешка до доставувачите на материјалите. Пратениците не можат да имаат преглед на она што се менува ако не го имаат и базичниот текст. Јас лично како пратеник ништо не можам да заклучам ако во првата страна на Предлог на законот пишува: во точката 2 зборовите "десет илјади до триесет илјади"се менуваат со зборовите: "двеста илјади до шесто илјади". Ако ние не го поседуваме базичниот текст, тогаш значи или не знаеме за што гласаме и зошто зборуваме. Па ве молам, во иднина Владата да ја има во предвид оваа работа. Сега изгледа дека ние донесуваме тука некои закони да ја обогатиме државата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Колку што ни е познато членовите кои се менуваат се доставени како извадок во прилог заедно со Законот кој се проследува до пратениците. И плус има уште една исправка.

Молам, дали некој друг бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Забелешката на претходниот дискутант е сосема во ред ако не се има во предвид дека кога ние најпрво го добивме текстот на Законот за изменување на Законот за стапките на даноци на граѓаните со Предлог закон го добивме во интегрален текст онака како што сигурно го има пратеникот сега пред себе. Но, потоа на интервенција од Комисијата за финансирање и буџет заради тоа што по се изгледа при редењето во Собранието е настаната техничка грешка. Сите ние пратеници добивме текст на одредбите што се менуваат онаквки какви што се во постојниот закон за изменување на стапките за даноците на граѓаните. Така што ако

го имате пред себе Законот и измените, тогаш мислам дека работата правилно ќе ја сфатите и ќе можете да одлучувате бидејќи дури после 3,4 дена сите пратеници ги добија измените на одредбите онакви какви се. И заради тоа мислам дека забелешката до крај не држи и не е во ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.

Минуваме на **точката 49** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси.

Кој е за , молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? /никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, проучувајќи го Предлог законот всушност и споредувајќи ги податоците односно таксите што биле во поранешниот закон, висината на таксите и она што е предложено денеска, доаѓам до сознание дека одредени работи се направени по мене не баш онака како што требало. И поставувам прашање кои се причините што на овој начин предлага Владата, односно предлагачот вака да се зголемуваат таксите. Ми се чини дека не е применет ист аршин, иста мера во сите случаи.

На пример,по тарифен број 1 за фирма, односно назив на деловни простории на граѓаните кои самостојно вршат стопанска дејност и професионална дејност таксата била порано 10 илјади денари, а сега 200 илјади денари. Ако споредиме тоа значи 20 пати е зголемена. Под б) за деловни простории на граѓаните кои самостојно вршат стопанска и

професионална дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ процентот е многу поголем, односно помал. Сега се предлага 50 илјади, а било 3 илјади. Еве примери каде што тоа не се запазува. Во тарифен број 3 за користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба дневно било 3, сега 5 илјади денари. За истакнување на реклами објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа: порано 1.500 сега 20 илјади до 7 дена, до 30 дена сега 40, а порано 2.100, до 1 година сега 100 илјади, порано 6 илјади. Да не ги кажувам и другите случаи, затоа барам да ми се даде објаснување кои се при^чините што вака несоодветно е зголемувањето во сите тарифни броеви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 5 во тарифниот број 2, а ЗПК поднесе амандман на член 5 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 5 во тарифниот број 1, со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во тарифниот број 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, кој бара збор?

III/6.-

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за финансирање и буџет расправајќи по текстот на законот за комунални такси одлучи да предложи амандман во вид на забелешка на членот 5 на тарифата број 1 и тоа: во првите две години од основање на деловните простории на претпријатија и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите освен за продавници , киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 200 илјади денари, комуналната такса се плаќа во износ од 50% од износот утврден во тарифата б), без алинеите. Ова Комисијата го предложи од следните причини. Со оглед на тоа што во последно време за младите кадри кои што завршуваат средно, више, или високо образование вратите се затворени за нивно вработување, односно бројот на овие лица во последните две години се зголемува, а исто така во блиска иднина не постои можност за нивно вработување, исто така бројот на организации кои што одат во стечај е се поголем покрај декларативната поддршка сметаме дека со овој амандман ќе се даде и материјална поддршка за лица кои што ќе се одлучат да формираат претпријатие и преку тоа ја најдат својата егзистенција. Мислењето на Владата е негативно, односно не го поддржува овој амандман и тоа со единствено образложение, би го прочитал."Таксата е приход на општинскиот буџет и намалувањето на истата би предизвикало намалување на приходите на општинскиот буџет". Меѓутоа, јас лично сметам и го тврдам спротивното. Со оглед на тоа што овие комунални такси се плаќаат веднаш по донесувањето на законот, претпоставка ако денес го донесеме овој закон, Управата за приходи веднаш ќе достави решенија за плаќање на комуналната такса.

III/7.-

Во рок од 30 дена ако не се плати оваа такса, доставува решение до Службата на општествено книговодство и ги блокира сметките на овие кои што имаат обврска да ја измират таксата. Сметам дека познавајќи ги условите во кои што работат организациите, поточно овие новите организации кои што се формираат претежно од млади луѓе кои што немаат доволно искуство, сигурно дека 95% се такви , 5% се организации кои што работат успешно и тоа отворени од луѓе кои што имаат деловно искуство, а овие 95% можеме да претпоставиме во овие тешки услови со какви се тешкотии се судруваат во своето работење. Мислам дека кај поголем број од организации кои што ќе се отворат во наредниот период ќе дојде до блокада на нивните сметки и не ќе можат да ги измират своите обврски и ќе дојдат ќе си покренат стечајни постапки по службена должност од Службата на општественото книговодство. Мислам дека поголеми приходи ќе се наплатат доколку се прифати амандманот, односно во првите 2 години овие организации плаќаат 50% од предвидената такса.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас го поддржувам амандманот на Комисијата за финансирање и буџет. Аргументацијата на образложението во прилог на тоа добро ја изложи колегата Димов. Во однос на дообјаснување на тоа што тој го рече, а во прилог на прифаќање на амандманот на Комисијата за финансирање и буџет, јас овој амандман го поддржувам затоа што сметам дека ова зголемување кај оваа категорија на претпријатија од производството, прометот и услугите на зголемување на таксата од 20 пати дека е необјективно и превисоко. Тоа е едниот аргумент.

III/8.-

Втората причина, тоа е отсуството на било каква селективнсот во третманот на овие претпријатија од производството, прометот и услугите. Ние сите сме сведоци дека под еден ист третман не можат да се поставaт сите претпријатија. Тие се и по своите дејности и по својата вработеност и по својата опременост и доходовност различни. Така што подеднакво оваа фискална мерка, односно овој пораст од 20 пати на комуналната такса сигурно дека нема сите подеднакво да го почувствуваат. И во таа смисла бидејќи многу тешко се добиваат некои валидни ефекти ако се употреби некоја селективност, на пример оваа мерка, односно ова зголемување на комуналната такса да важи за претпријатија кои имаат до 5, или до 10 вработени што е тешко остварливо, да важи за претпријатија што имаат толкав и толкав износ на годишен приход итн. што е исто така тешко остварливо. Мислам дека баш ефект на ефективноста ќе се добие со ова што го предлага и Комисијата за финансирање и буџет кај овие претпријатија што се прво формираат во првите почетни 2 години заради ефектот и на вработувањето како социјален момент да бидат оптоварени со наплата на оваа такса во номинален износ за 50% помала од утврдената комунална такса воопшто.

IV/1.- ЛП/ОМ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Бекир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Ставот на Владата Ви е познат дека не го прифаќа овој амандман на Комисијата за финансирање и буџет, па во име на Владата Ве молам да го одбиете истиот од следните причини. Покрај оние што се изнесени во мислењето на Владата, зошто не го прифаќа овој предлог, мора да се има предвид и следното:

Се работи за такса за истакнување на фирма која еднократно се наплатува во текот на годината. Се работи за приход на буџетите на општинските собранија и секоја одлука во спротивен правец ги има ефектите што ќе ги има во тој поглед.

Трето, потребата за валоризација и на овој износ е некаде меѓу 36 и 40 пати, а не 20-25 пати како што е предложено, токму од тие економски причини се водело сметка кога се предлагаше.

Четврто, Ве молам , ние сме во доменот на таксите, не кај даночната политика каде што водиме политика и предлагаме политика, покрај фискалниот аспект, во даночната политика да се има предвид и економскиот аспект. Вие сте сведоци во целиот период дека имаше такви ослободувања од плаќање на денови кај овие почетници, но кај даночниот дел, ни кај таксите и не можеме со политиката на комуналните такси да водиме политика што и припаѓа на даночната политика.

Од тие причини, Ве молиме истиот да не биде прифатен.

IV/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 во тарифниот број 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални такси.

IV/3.-

Преминуваме на <u>**Педесеттата точка**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Народната банка на република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува о -гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија кај Народната банка на Република Македонија.

Преминуваме на **Педесет и првата точка** - Предлог за донесување на закон за финансирање на изградбата на Втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро, со Предлог на закон.

Предлогот на донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за заштита на човековата околина и Законодавно правната комисија како и Мислењето на Владата на РМ Ви се доставени односно поделени.

Ве потсетувам дека на Педесет и третата седница водевме претрес по Предлогот за донесување на овој закон, меѓутоа, предлагачот

на овој закон, пратеникот Тодор Петров, предложи да се одложи расправата од таа седница заради потребата да го разгледаат Законот и другите заинтересирани работни тела.

Во меѓувреме овој закон го разгледаа Комисијата за заштита на човековата околина и Комисијата за градежништво и урбанизам, а Законодавно правната комисија не го разгледа бидејќи на седницата на Комисијата не бил присутен предлагачот на овој закон.

Комисијата за заштита на човековата околина не го поддржа овој закон, а Комисијата за градежништво и урбанизам предлага да се донесе заклучок со кој Собранието ќе го одбие овој закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на овој закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОТОР ПЕТРОВ:**

И покрај негативниот став на надлежните работни тела, кои во меѓувреме го разгледаа Предлогот на законот, сметам дека Собранието треба да го прифати текстот на законот, затоа што и пратениците и работните тела имаа време да ги прочитаат и забелешките од овластеиоггo комунално претпријатие кое што стопанисува со колекторскиот систем за заштита на водите на Дојранското езеро. Во материјалите кој што ги доставуваат ги истакнуваат следните моменти:

Со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро, донесен во 1977 година од Собранието на Македонија се создадени обврски Собранието на општината, месните заедници од Нов и Стар Дојран и комуналното претпријатие, од Стар Дојран да ги отпочнат активностите за изградба на колекторот за заштита на водите на Дојранското езеро.

IV/6.-

Во 1977 година, е извршена порачка на студија за заштита на Дојранското езеро од отпадни фекални води од Градежното претпријатие "Пелагонија"-Скопје и по изготвената студија и понудените решенија во 1980 година е изготвен идеен проект со разработени три варијанти за транспортирање на фекалните води.

Прифатената прва варијанта, според која е изграден колекторскиот систем за заштита на водите на Дојранското езеро, предвидува изградба на собирен колектор К-1 со станица за пречистување топлец, со потисен цевковод во сливот на реката Луда Мара – Богданци и собирен колектор К-2 кон селото Николиќ.

Во 1983 година е изготвен Главниот проект на собирниот колектор К-1 од македонско - грчката граница до станицата за пречистување со потисен цевковод кон реката Луда Мара.

Меѓутоа, и покрај изградбата на колекторскиот систем К-1, постигнат е низок степен на искористеност на инсталираните капацитети, заради што е условено економско работење со планска загуба и неможност на покривање на трошоците од самите корисници, што е резултат на неизградената секундарна канализациона мрежа во Нов и Стар Дојран, која согласно техничката документација што е изготвило претпријатието изнесува 23,7 километри, со што би се опфатиле подрачјата, а со тоа бис е спречило целосно загадување на водите на езерото, а вложувањата во системот би биле оправдани.

Донесувањето на законот кој се предлага, со дополнителните објаснувања кои се добиени и од Комуналното претпријатие Стар Дојран кое стопанисува со колекторскиот систем укажуваат дека законот кој што е понуден се однесува за финансирање на втората фаза од собирниот

колектор К-1 заради изградба на секундарната канализациона мрежа на Нов и Стар Дојран, каде инвестиционото вложување во собирниот колектор К-1 би било во целина оправдано.

Имајќи предвид дека Собранието уште на својата Триесет и петта седница, одржана на 31 март 1992 година, донесе Заклучок - "Се задолжува Владата да подготви во рок од 60 дена и на Собранието да му достави конзистентен модел односно Програма за економско искористување и заштита на природните вредности на езерата во Македонија, во кој ќе бидат содржани решенија околу изградбата, финансирањето, експлоатацијата, одржувањето и системот на управувањето на езерата" и имајќи предвид дека Собранието на Република Македонија , при разгледувањето на Ребалансот на буџетот за 1993 година донесе Заклучок со кој утврди - "При донесувањето на Републичкиот буџет за 1993 година треба да се има предвид и барањето за обезбедување средства за финансирање на изградбата на втората фаза за заштита на Дојранското езеро, што се однесува на втората фаза од колекторскиот систем К-1, сметам дека Собранието во целина треба да го прифати понудениот Предлог на закон, и покрај мислењата на работните тела, треба да го донесе предложениот закон, пред се заради тоа што и ова Собрание и Владата досега имаат дадено и ветување и донесено огромен број на заклучоци за заштита на водите на Дојранското езеро, меѓутоа, изгледа дека работите не тргнуваат од мртва точка, а Езерото и понатаму доживува еколошка катастрофа.

Имајќи ги предвид овие причини кои ги наведов и во образложението од доставениот материјал од Комуналното претпријатие кое стопанисува со колекторскиот систем, сметам дека е оправдано донесувањето на законот и ги замолувам пратениците да го донесат понудениот Предлог текст на закон.

IV/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за финансираше на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро, со Предлог на закон.

Кој е за, предложениот заклучок, молам да крене рака.

14 пратеници гласаа за предложениот Закон.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **Педесет и втората точка -** Предлог за донесување на закон за учество на Републиката во обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитираше на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта,со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за економска политика и развој и на Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господо, ценето Претседателство, во Уставот на Република Македонија во член 57 е дадена политиката на порамно- мерен регионален развој и побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, се предвидуваат како трајни уставни категории. Впрочем политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта и во изминатиот период беше уставно утврдена категорија, само во практиката беше во декрети и реферати.

Успешноста во остварувањето на функциите е во директна зависност од рангот на институцијата во системот. Во макроекономска-та политика за 1992 година беше речено дека ќе продолжи важноста на законот за определување на подрачјата кои имаат третман на стопански недоволно развиени и ќе се обезбедуваат средства за остварување на политиката на побрз развој. Последиците на високата нестабилност и спречувањето на поголемите растројства во функционирањето на економ- јата, долгорочно комулираните проблеми би требало да бидат основни задачи за макро економската политика за 1993 година. Тоа ја наметнува потребата за нов концепт на регионалниот развој , иманентен на пазарната концепција и материјалните услови. Решенијата во новиот концепт, посебно во ридско планинските села, посебно прашањето да се опфатат средствата и инструментите за оваа корелација со пазарното стопанство и неговите закони.

Во образложеникто на овој закон треба да се обезбедат средства во висина од 0,30%. Прашувам од кој општествен производ. Од тој општествен производ што во декември месец 1992 година имавме пад на производството од 15%, без да се калкулира инфлацијата. Со оглед на тоа што во изминатиот период приоритетна задача беше реализацијата

на дисперзирани капацитети, кои се остваруваат преку покрупните претпријатија, а во моментот дисперзираните капацитети како модел и се продаваат и се ограбуваат, се прашувам зошто овие средства не се враќаат повторно на фондот. Јас незнам, во западниот дел на Македонија во ридско планинските села дека е изграден некој капацитет. Се- која електрификација, секој водовод или патиштата се изградени со самопридонес на граѓаните, а од друга страна од оваа говорница тие граѓани се обвинуваат дека не плаќаат данок. средствата што се вградени во производните капацитети повеќе служеле како обртни средства досега. Со оглед на погодностите кои треба да се обезбедуваат за оваа политика,средствата условени за користење на средствата, мерки дирек- ни или индиректни, како и пошироките разбирања за уште еден подолг временски период, постојните институции со нов концепт во континуитет да продолжат да ја реализираат политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја, проширена во рамките на материјалните можности кои ќе се обезбедуваат за поконкретно поставени цели. Долгорочното и комплексноста на овој сегмент од регионалниот и вкупниот развој на Републиката ја наметнува потребата од сериозен и научно заснован пристап во дефинирањето на регионите кои ќе го имаат овој третман и на системот на потекнувачки мерки и инструменти за кој ќе се остварува оваа политика а во спротивно ништо нема да се постигне од овој Предлог на закон.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека треба да дадеме поддршка за донесување на законот за обезбедување на средства во Републичкиот фонд од Буџетот од причина што во тек се повеќе активности во рамките на реализацијата на Фондот за неразвиени подрачја, кој Фонд на одреден начин беше формиран и за него или во

него се обезбедуваат средства од сосема други извори. Но со престанвуање на обезбедувањето на средствата, пред се од поранешниот Фонд за неразвиени подрачја од поранешна Југославија и со делот на средствата кои се обезбедуваат во Републиката исто така од други извори, сигурно дека тој континуитет на обврските на одреден начин не можеше да продолжи, па оттука и пред две години е донесен Законот за обезбедување на средства во Фондот за неразвиени подрачја од делот на средствата на буџетот.

V/1.- СС-ВБ

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:** (продолжение)

Сметам дека треба ова да биде последна година за финансирање или за обезбедување средства во Фондот за неразвиени подрачја на овој начин од причина што буџетот сигурно се оптоварува со одредени средства што се во сосема друга функција, а тоа е делот на развојната функција.

За да се направи одреден посебен организиран пристап во делот на обезбедување извори на средства, ние во Парламентот расправавме по однос на анализата за економската ефикасност од вложените средства во неразвиените подрачја и тогаш констатиравме дека треба да се направи една комплетна анализа на досегашните вложувања и оттаму да се извлечат одредени правци за натамошните наши одлучувања во делот на обезбедување на средствата.

Според мене, средствата треба да се обезбедуваат од делот на добивката и тие,треба пред се да бидат во функција на обезбедување на инфраструктурните објекти што се на одреден начин товар во делот на неразвиените подрачја. Инаку, овие 15,6 милијарди денари, како што е насочено во делот на макроекономската политика, треба во основа рамномерно или на одреден начин, организирано или преку одредена анимација во неразвиените општини и неразвиените подрачја обезбедат пред се инфраструктурни објекти што ќе обезбедат услови за едно производство што ќе биде интерес, пред се на стопанските субјекти.

Комисијата за стопанство изрично се заложи овој пат да се почитува онаа обврска Законот за обезбедување на средства да биде само со рок на важност до 31 декември 1993 година, а во рамките на оваа 1993 година да се обезбеди посебен концепт за регионален развој, а исто така утврдат и изворите.

Сигурно дека Буџетот понатаму не може да биде извор за финансирање на неразвиените подрачја, туку извор треба да биде добивката односно новосоздадената вредност и во рамките на една таква дефинирана обврска на извори сигурно ќе обезбедиме и поквалитетно финансирање на развојот на неразвиените подрачја.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека овој закон денеска не треба да се донесе во ваква форма од следниве причини:

Како прво, заради тоа што недостасува нов концепт за регионалниот развој на подрачјата на Република Македонија и со тој нов концепт што поодамна се нуди дека ќе биде донесен, а истиот не е донесен.

Како второ, можеби уште поважно од тоа што средствата ќе се обезбедуваат во новиот буџет што сеуште не сме го донеле и не ги знаеме обврските што ќе произлезат за новиот буџет од 19 93 година. Тоа битно ќе ја оптовари државата и мислам дека донесување бланко на еден ваков закон што ќе има важност дури до крајот на 1993 година, во непостоење на систем на плански развој на Републикава, не и е потребен на нашава држава.

Ова го потврдувам особено што и наредната точка односно наредниот закон што следи за разгледување, тоа е предлог за донесување на закон со Предлог на закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта повторно е еден автоматизам, односно препишување на еден стар закон во кој се ставени стопански недоволно развиените краишта оние што беа и до сега. Во услови на битно нарушување на стопанството мислам дека значајно е нарушен односот меѓу тоа кои општини би биле односно кои не би биле. Така што, покрај овие општини штос е набројани, веројатно ќе влезат и нови општини, а гледам дека Владата не прифатила ниту леден амандман од понудените

амандмани на пратениците на Собранието. Така што, сметам дека двата закони не би требале да се изгласаат во овој Парламент.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, мислам дека грешката е во тоа што можеби требаше да одиме по друг ред, да расправаме прво за Законот за утврдување на недоволно развиените подрачја, па потоа за учеството на Републиката во финансирањето на Фондот аз кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените краишта во Македонија. Но, тоа не треба да биде причина ние денеска да не се произнесеме по однос на Законот за учество на' Републиката во финансирањето на побрзиот развој ан недоволно развиените краишта од Буџетот, заради тоа што станува збор за една временска мерка, едно временско решение додека не се донесе новиот концепт. Тоа беше констатирано и на седницата на комисиите, а мислам дека ќе се согласиме и ние дека ние, фактички, еве веќе трета година работиме без закон, петогодишен, како што имавме во изминатите пет години за остварување на политиката на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја. Тоа е политиката што е составен дел на вкупната развојна политика на Република Македонија. Станува збор за еден посебен сегмент побрз развој на недоволно развиените подрачја, во рамките на регионалната политика за развој на Македонија.

Во секој случај не држи предлогот и размислувањето да се одложи ова прашање затоа што годината тече, а верувам дека и во Пред- логот на буџетот се билансирани средства, во рамките на оние 0,30% од општествениот производ и дека тука ќе најде покритие поттикнувањето на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја во Република Македонија. Мислам дека нашава Република не може да се откаже од таквата политика која што, барем во изминатиот период се покажа како целисходна, со сите свои слабости.

V/4.-

Меѓутоа,прекинување на тој концепт, значи откажување од една верифицирана политика за намалување на разликите во развојот. Оттука мислам дека расправајќи за учеството на Републиката за финансирање на ваквата политика, ние, истовремено го задржуваме концептот на побрз регионален и побрз развој на недоволно развиените подрачја, што беше карактеристичен заклучно со 1992 година кога престана овој закон, но не престана политиката на побрзиот развој.

Според тоа, искористувајќи ја можноста да се произнесам по однос на учеството на Републиката во финансирањето на побрзиот развој, истовремено сакам да ука^сам, а тоа беше констатирано и на Комисијата за економска политика и развој дека има потреба и од донесување на овој закон, како и Законот за утврдување на подрачјата недоволно развиени во Република Македонија. И тоа така, како што се предвидени во досегашните закони. Значи, да се задржат решенијата што беа до сега, се додека не се утврдат нови општини, односно нова регионална поделба и се додека не се утврдат можеби нови критериуми.

Сега засега ние користиме критериуми: општествен производ по глава на жител, активни основни средства по глава на жител и степен на вработеност. Веројатно до крајот на годината, а јас ќе инсистирам на политиката на тоа, до крајот на годината да се утврди/регионалниот и побрз развој, да се утврдат и критериуми и подрачја што ќе ги користат тие права, па од 1994 година па натаму да работиме по еден нов концепт. Но, во секој случај, не откажувајќи се од политиката на регионалниот развој и побрзиот развој на недоволно развиените подрачја, затоа што тоа е потреба за елиминирање и ублажување на евидентните разлики на одредени подрачја во Македонија.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници кога го имаме пред нас Предлогот на закон за учество на Републиката во обезбедување на средства за

Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, за мене се битни повеќе работи, меѓутоа две од нив секако имаат приоритет.

Прво, дали се наоѓаме во ситуација да имаме недоволно развиени општини и дали таква ситуација ќе имаме и понатаму.

Второ, дали со средствата од Републичкиот фонд за поттикнување на развојот во општините што се недоволно развиени се постигнуваат одредени позитивни ефекти.

Трето, дали е Фондот таа институција која може да ги постигне тие позитивни ефекти.

Со оглед на тоа што претставувам стопански недоволно развиена општина, следев во изминатиот период какви ефекти се постигнати барем на територијата на општина Берово, независно од тоа што се работи за минимални средства, колешката претседател на Комисијата за финансирање и буџет Славјанка Стојанова ме информира дека средствата што сега се алиментираат од Буџетот во него учествуваат само со 0,30%, значи се работи за исклучително мали средства, барем во овој регион што го претставувам знам дека и со така мали средства се постигнати позитивни ефекти.

Според тоа, ако очекуваме и понатаму да има недоволно развиени општини, а од вториот закон што следува се гледа дека има потреба и од вака минимални средства, заради тоа што имаме предлози за дополнување на листата на недоволно развиените општини, и понатаму да се прошири, тогаш е сосема јасно дека Фондот врши одредена позитивна улога во рамките на средствата со кои располага и дека тие средства се користат наменски.

Со оглед на тоа што сум информиран дека во други општини, надвор од мојата што ја претставувам, се во тек активности што ги финансира фондот и со оглед на тоа што ценам дека ќе има позитивни

ефекти, за мене е сосема јасно дека и оваа година ќе мора да се обезбедат средства толку колку што можеме.

Јасно е дека до пред две години главниот извор на средства на Фондот секна и, дека после тоа се најде решение да се обезбедуваат од Буџетот. МИ се чини дека нема друга алтернатива за овие активности што се почнати и оваа година да се обезбедат средства од Буџетот, за што законскиот проект го поддржувам со рок на важење, како што беше кажано овде од колегата Георгиевски до 31 декември.

Меѓутоа, со оглед на тоа што ценам дека има позитивни ефекти, дека тој е фонд што може позитивно да влијае, се залагам денеска да донесеме еден работен заклучок дека во еден реален временски период пред истекот на овој закон што ќе го донесеме денеска, навистина, да се изнајдат вистински извори за Фондот за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

**ХАМИД АЛИУ:**

Бидејќи господинот Превала истакна некои работи, јас сакам само една работа да расчистиме.

Потполно се согласувам дека мора да се донесе нов концепт на регионалниот развој што не е донесен до ден денеска. Тоа е за оваа точка на дневниот ред и за наредната што доаѓа. Меѓутоа, не можам да се согласам дека некои средства Фондот ги нема, а може да ги прибира од капацитетите каде се дадени тие средства.

Трето, не можам да се согласам со некои дискутанти дека е непотребен овој фонд. Дали ќе се вика фонд или како ќе се прекрсти, тоа е дргуа работа. Меѓутоа, мора да има нов концепт, спрема пазарното стопанство а не да ја оптоварува Републиката.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, иако овие две точки врзани за Фондот се слични, се од слична природа, јас не би ги одвоил како такви и истите ќе треба да ги раправаме во пакет.

Меѓутоа, без оглед на тоа што истите се одвоени, би се задржал само на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за учество на Републиката во обезбедувањето на средствата на овој Фонд.

Како прво, сметам дека го прифаќам предлогот како таков и со тоа што истото за 1ќене е едно преодно решение до она што и претходните дискутанти кажаа дека овој предлог на закон ќе се однесува само за еден временски период. Се согласувам и со тие дискутанти кои што велат дека треба да се донесе и соодветна документација во однос на оваа проблематика, како што е Предлогот за утврдување на критериуми за недоволно развиени подрачја итн.

Во оваа смисла потполно го поддржувам овој предлог, бидејќи, како што рекоа и претходните дискутанти, ова е уставна категорија и до тогаш, додека Фондот односно додека за Фондот не обезбедиме трајни буџетски средства сметам дека единствено прифатливо решение е да го донесеме овој Предлог на закон.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, поминува веќе и третата година како во поглед на недоволно развиените краишта во Република Македонија имаме водено повеќе расправи доколку помните во овој Парламент. И, се ни се случува, еве и третата година поминува, ќе дојде и четвртата, ќе го завршиме овој мандат и ние сеуште останувааме со старите закони, со старите прописи, со старите форми. на кои се финансира недоволниот развој на неразвиените подрачја.

Мислам дека сме ставени во една позиција каде што треба да избираме помеѓу ништо и нешто. Во овој случај ние евидентно квалитетно и како закон и како концепција за недоволно развиените подрачја немаме. Значи, немаме ништо. А, ова сепак, мала измена во овие два закони, е сосема мало нешто за што мора да се фатиме. Јас морам да се согласам со одредени пратеници, мора да гласаме, едноставно мора да ги донесеме овие измени на законите.

Но, некои работи овде не се чисти. Јас и порано овде дискутирав околу тоа дека во Република Македонија има тотално неразвиени подрачја, не само на стопански план туку и во поглед на човечката репродукција што се уништуваат, а покрај тоа претставуваат освен како неразвиени подрачја и како пограничен појас на Република Македонија што граничи со Република Грција. Сеуште, на тој план апсолутно ништо немаме преземено, ниту пак од овие две влади што до сега функционираат и постојат како извршна власт во Република Македонија.

Не можам да се согласам и со она што се нуди во тој втор закон, овие два закони ќе ми дозволите да ги третирам како сијамски близнаци затоа што во вториот закон каде што се утврдува критериумот кое подрачја во Република Македонија треба да биде недоволно развиено, точно се назначени подрачјата. И тоа во членот 1 и во членот 2 "како стопански недоволно развиени подрачја се сметаат подрачјата на општините Берово, Македонски Брод, Виница, Гостивар, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Радовиш, Ресен, Струга и Тетово."

VI/1 јј/см

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение).

Значи ли тоа дека со оваа измена и со големиот број на амандмани што се овде доставени, ние ќе правиме повторно трка или ќе правиме натпревар, кој од која општина да даде предлог неговата општина да биде неразвиено подрачје и да се изнудуваат некои средства од Фондот за неразвиени подрачја. Во овој случај како што изгледаат состојбите во Парламентот, позиција, опозиција, во истата состојба ќе дојдеме да се нагласуваме, зашто позицијата има едни факти и аргументи, со своите амандмани и истите подрачја што до сега едноставно го шмукаа овој фонд и ги користеа сите средства, ,а во тие делови на Република Македонија имаме најголема популација, популациона експлозија,најголем број на население, од друга страна, во другиот дел најнеразвиените, како што кажав, дури човековата репродукција е на минимум и луѓето ги истеравме во Канада, Австралија и Америка. Дали повторно во овој Парламент ќе се најдеме во состојба да се надгласуваме и да се напреваруваме кој пратеник ќе ја предложи својата општина или својот град за неразвиено подрачје. Јас мислам со вакви работи треба еднаш да престанеме и треба да имаме ние конечно од оваа Влада нешто што се вика проект за развој на овие недоволно развиени подрачја и тоа од сите аспекти. Јас и порано истакнав, и сега ќе истакнам, Мариово е една област во Македонија која претставува мегдан за докажување за целата наша извршна власт, на сите наши институции и на сите наши експерти што постојат во Република Македонија. Тука ќе биде полето за натпреварување и поле за да се вркстат сите знаења или незнаења, па дури и на политичките партии. Но, во овој момент јас не гледам ништо на тој план и затоа сум скептик во поглед на ова што до сега беше дискутирано. Сум скептик и затоа што Фондот за неразвиени

подрачја што постои во Република Македонија, кој сеуште функционира со ребалансот на Буџетот имаше дадено еден нов износ со кој сакаше одделни подрачја во Република Македонија да може да финансира со оглед на тоа што и програмите беа зголемени, побарувањата беа зголемени. Ние тоа со ребалансот на Буџетот го одбивме. Тромесечието помина од оваа календарска од оваа 1993 година, ние немаме ниту буџет на РМ за 1993 и сега незнам како овие од Комисијата за стопанство и некои други ќе ме убедат дека ние можеме да одлучуваме конзистентно и како ќе ме убедат дека на овој план во Република Македонија нема повеќе привилегии по разни политичари што се класираат од одделни општини дека ќе се даваат овие средства или по влијание. Ова евидентно продолжува.

И конечно да завршам се ова што го правиме до сега, мене ми наликува дека ние воопшто овој наш систем, без разлика што овие институции треба да дејствуваат како Фондот и ова што го менуваме како законска регулатива, не води кон тоа да го промениме системот, да ги менуваме навиките и да ги менуваме партнерите и пријателството што постои со одредени категории на луѓе, за да може да се влечат средства од овие фондови и да се прават кариери во Република Македонија. Тоа, вие сакале да го признаете или не, е евидентно и може секој од вас да го утврди.

Јас незнам, овој првиот закон, законот за обезбедување на средства во Републичкиот фонд, мислам дека треба да се прифати, но членот 2 од Законот за утврдување на краиштата што се недоволно развиени, за мене нема потполна..

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа посебно ќе расправаме.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Се извинувам, затоа реков ги врзувам како сиемски близнаци. Нема да земам збор за дискусија по вториот закон извршена е работата. Сакам да укажам, прво ние не ги знаеме мерилата и критериумите. Врз основа на кои закони, дајте ми го изворниот закон да го видиме, кои се мерилата и критериумите врз кои ние ги правиме овие подрачја неразвиени. Ако Ханџиски ги знае и е мудрец, јас не ги знам. Јас сакам да ми биде понуден изворниот закон да видам се што е и како е. Јас сум пратеник, имаме неразвиено подрачје во општина Битола, кажав уште еднаш да потенцирам, Мариово, а припаѓа на три општини и за жал е катастрофа, а ние, од друга страна овде сакаме да носиме нешто што навистина, не е валидно и за кое ќе се двоумам дали да гласам во овој случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Тодорова министер за развој.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, Во Републиката сеуште имаме значајни развојни диспаритети меѓу одделни региони. И сосема е јасно дека и натаму мораме да водиме регионална политика, а посебно политика за поттикнување на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја во Републиката.

Да информирам зашто и дискусијата одеше во таа насока дека верзијата на новиот закон што треба да ја покрие законската регулатива што до сега се применуваше во оваа област, е веќе изготвен и деновиве ќе биде доставена до Владата. Станува збор за определени измени во системот на регионалниот развој, со цел да се воспостави систем кој што ќе комуницира на некој начин, со системот на пазарната економија,

утврдување на системот на параметри или индикатори за оценување на степенот на развиеноста и утврдување на граничната вредност на одделните индикатори, а врз основа на тоа утврдување на подрачја што би имале третман на недоволно развиени, определени промени во инструментариумот на спроведувањето на оваа политика како во институционалната поставеност во водењето на политиката односно во функционирањето на досегашниот фонд за развој.

За што се работи со овие два предложени закони што се на расправа на денешнава седница. Едноставно се продолжува важењето на законската регулатива што се применуваше до крајот на 1992 година. И до Парламентот беа доставени закони што беа именувани како закони за изменување и дополнување на таа законска регулатива и каде практично не постои никаква регулатива, ниту мала измена каква беше кажана во дискусијата, туку едноставно беше кажано да се продолжи рокот, важноста за нивната примена. Меѓутоа, се случи дисконтинуитет затоа што сега оваа точка е ставена на дневен ред и ми беше укажано од телата на Собранието, со право, дека е неопходно да се понуди интегралниот текст на Законот. Затоа се води во ваква верзија. Значи не станува збор за никаква промена, туку едноставно треба да ја покриеме со законска регулатива реализацијата на политиката на регионален развој во временскиот период до донесувањето на новата законска регулатива. Патем, да споменам дека уште во мај минатата година на пратениците на ова Собрание беше доставена Анализа која прилично опстојно ги третираше проблемите околу регионалниот развој, со цел да се расчистат секакви концепциски дилеми за нејзиното нормативно вообликување, односно да се направи вториот чекор за донесување и подготвување на Законот.

Во декември таа анализа беше на расправа во Собранието. Се заклучи расправата да заврши таму, така што ние веќе можевме и да пристапиме кон изготвување на Законот. И се надевам дека тој брзо ќе се најде на расправа и пред Парламентот. Токму заради тоа и не одевме со некакво ревидирање сега на општините, не може тоа туку така да се кандидира и оваа и онаа општина да се вклучи во оваа листа, но за тоа, веројатно ќе стане збор по одделните закони. Мора малку постудиозно, аналитички да се пристапи кон изготвување на критериуми и оценки на степенот на развиеноста на одделни региони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас сум еден од пратениците кој на некој начин условно се согласив уште на Комисијата за економска политика и развој кога го добивме овој предлог на закон да дадам согласност да се поддржи, со оглед на тоа дека се работи за временски период до крајот на 1993 година. Инаку, навистина има сериозни забелешки во поглед на функцијата на оваа проблема- тика. Меѓутоа, се согласувам и со она што го изнесе министерката дека во фаза е донесување на нов закон и токму од таа причина сакав да укажам на некои забелешки и констатации што ги имам до сега согледано, од причина што регионот односно општината од каде што сум, за цело време во досегашниот период се третираше како една од развиените општини, а има апсурди во тоа што има да речам и поголем дел подрачја каде живее поголем број на жители и со поголема површина отколку што се определени општини во Републиката што се третираат според поранешните закони и критериуми како

неразвиени и во поголем дел и подолго време користеа средства од овој фонд. Додека овие подрачја што се во рамките на општина Струмица, реков се поголеми и по територија и по број на жители воопшто немаа услови да користат средства од тој фонд,бидејќи спаѓаа во подрачјето на Струмица, а општина Струмица се третираше како развиена општина. Мислам дека од тој аспект има доста недоследности и доста слабости и мислам дека тие слабости во новиот закон што треба да биде предмет на расправа, веројатно на една од наредните седници, ќе биде согледано и до колку не е согледано, токму од таа причина излегов тој момент, односно тие прашања да ги потенцирам, за да бидат земени предвид и во новиот закон да се третираат одредени региони, одредени подрачја, а не како што беше до сега општини. Еве и во претходните дискусии определени дискутанти од други општини односно од други региони токму таа проблематика, исто така ја потенцираа, бидејќи навистина во нашата Република имаме поголеми региони и поголеми подрачја кои потпаѓаат под одредени општини, кои што, за нивна несреќа, се третираа до сега како развиени, а токму тие региони на некој начин, со таквиот начин на досегашното третирање придонесовме, навистина, огромни површини и територии од нашата Република ги оставиме празни. Ајде, можеби тие што се наоѓаат на некој начин во средината, односно во центарот на Републиката и не е така страшно, меѓутоа, според мене, е доста страшно за оние подрачја што се во пограничните региони, така што определени територии ги оставивме празни, а тие луѓе, тие граѓани, тие наши сограѓани на некој начин и беа и чувари на нашата граница.

Од таа причина еве и ќе кажам, се согласувам условно овој закон да го прифатиме, но навистина тој рок кој е и во самиот закон предвиден да се применува до 31 декември.1993 година и  навистина треба да биде

VI/7.-

краен рок со кој ќе се реши оваа проблематика, со еден нов закон а кој што ќе биде адекватен и ќе одговара на условите во нашата држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, најостро протестирам против свесното кршење на Деловникот, член 105 став 3 кој вели "Ако делегатот побара збор за да поправи навод, кој е неточно изложен, или кој дал повод за недоразбирање, или предизвикал потреба од лично и објаснување, претседателот ќе му даде збор, штом својот говор ќе го заврши, оној кој ја предизвикал потребата од поправката". Впрочем ова не му е и прв пат на претседателот на Собранието, во мојот случај, кој што свесно тоа го прави. Се јавив за збор за да кажам дека никаде во своето излагање не реков дека нема потреба од постоење на фонд, односно од порамномерен развој на стопански недоволно развиените подрачја во Републиката. Впрочем тоа е и уставна определба по член 57 на Уставот. Се јавив за збор за да кажам, исто така дека ова Собрание е Законодавно тело, дека не може вечно да се служи со заклучоци и дека во Услови на постоење на правен вакум добро е законот да згасне со своите активности односно да не постои, а да не се направи нов системски и темелен а не стар закон, кој што ќе може целосно да бидат вградени сите критериуми за навистина, рамномерен развој на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас навистина се извинувам на госпоѓа Марковска, ако се десило некој да ја навредил овде неа, и да сум пропуштил, меѓутоа ништо не чув било кој неа да ја спомнал.

VI/8.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА**

Јас се потрудив на претседателот да му го прочитам членот 105 став 3, а воедно и на пратениците , во кој што претседателот правото на република го спомнува со лично изјаснување односно со лично спомнување. тоа е негово толкување на Деловникот, а во Деловникот јасно стои во кој што вели дека предизвикал недоразбирање, потреба од лично објаснуваше односно некој податок бил неточно изложен. Се извинувам што морам да го спомнам господинот Хамид Алиу со која што дискусија наполно се сложувам, кој што спомна дека дека рече некој од дискутантите, веројатно мислеше на мене, бидејќи тоа никој не го рече, дека нема потреба од постоење на фонд. Претседателот на Собранието двапати ме виде дека кревам рака и намерно, како по кој знае колку пати се апстрахираше од ова нешто. И ве молам тоа нешто да не се случува, инаку постојано ќе барам право на република односно ќе барам да го остварам своето пратеничко право согласно член 105 став 3 и без да бидам спомната на оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, госпоѓа Марковска, како и секој од вас ќе добива збор, кога има право на република. Меѓутоа, пред господинот Хамит Алиу зборуваа, еве ќе ви кажам 5 дискутанти. Јас не можам да погодувам на кого тој мислел кога рекол нешто.

Ех, ве молам. друго еве се испоставив од излагањето на самата госпога Марковска дека она воопшто не рекла такво нешто.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас претседателе точно реков тоа што сакав и ве молам друг пат да не ми ги коментирате изјавите. Господинот Алиу може сам да каже тоа што сака да каже, а Вие, ве молам, да не го користите вашето право на постоење на микрофон пред вас директно и да можете на секоја дискусија на упаѓате со ваши упадици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас госпоѓо Марковска вас ве молам како и сите други пратеници, кога ќе ми го спомнете името и кога на мене нешто упатувате, да ми го признаете истото право, ако не ништо повеќе, од што вие го имате. Да вие исто мене ме спомнувате и како претседател веројатно колку вас имам право, овде да си кажам мислење по тоа што вие го наведувате. Ако вие мислите дека единствено Вие во салата имате право, се разбира, тоа е друга работа, тогаш само вам ќе ви давам збор, а сите други ќе чекаат. Еве вака ќе правиме натаму. Да се разбереме , ние мора да одиме по некој ред. Овде нема крај. Јас не можам никогаш да мислам дали некој се осеќа погоден од некој што рекол, а не го спомнал. Единствен критериум е да можам да знам точно кого спомнале. Инаку секој може овде да си изведува, стално да трча на говорница затоа што тој мисли, оти тој се подразбира. Па, што ќе направиме тогаш?

Ве молам немојте да ме сметате во водењето на седницата. Тие ваши преокупации да си ги кажете кога ќе расправаме за деловникот

За збор се јави пратеникот Томислав Стефковски за деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во текот на седницата на пратениците беше поделен еден став од пратеникот Владимир Голубовски во врска со посетата на претседателот на ВМРО-ДПНЕ во Соединетите Американски Држави.

(Има интервенции од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте, тоа е деловничка интервенција, може да се бара.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Сега ќе кажам зошто. Бидејќи насловот на тој став е упатен до пратениците, а мене колку што ми е јасно, а треба да му е јасно на претседателот на Собранието, во овој Парламент седат пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Се дели став на некој си пратеник Голубовски,во кој што се зборува за ВМРО-ДПМНЕ. Како си можел да дозволи претседателот Андов да се дели таков став на пратеници, кој што го немаат тоа име во Парламентот. Оттука барам 15 минути пауза, претседателот да размисли и да даде одговор зашто дозволи да се дели еден ваков став, писмо од пратеникот Владимир Голубовски. Барам 15 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи сум размислил за тоа многу одамна, сум дал налог на службите за се, пратеник што пишува и потпишува, а го упатува на свои колеги, автоматски да се дели. Пратеникот е избран од народот и тој штом пишува и потпишува се упатува на пратениците. Не го даваме во јавност, но на пратениците го даваме. (Пауза до 15,00 часот).

VII/1. -ПЈ/МЛ

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците да седнат на своите места, а Стручната служба да го утврди точниот број на пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници.

Јас не сакам многу да дискутирам за овој проблем, за оваа точка, затоа што и на претходните седници и сега многу пати е поставувано и дискутирано прашањето за развојот на недоволно развиените покраини ©о Републиката. Само се носени закони, заклучоци, и други одредби, а до денеска ништо не е сторено. Јас на два пати поставив прашање и барав да. одговорат каде отидоа фондовите, иако така мали, што беа определени за тој развој, се до денес Владата премолчува, не одговара каде отидоа тие фондови, каде се прелија што беа за развој на малото стопанство во ридско - планинските краеви. Меѓутоа, кога зборувам сега да го оставам тоа и пак ќе бараме да ни кажат каде се средствата прелиени, се ми се чини дека средства се прелиени онаму каде што во општини, па ја ставаме и Битола може да биде тука, а и другите општини каде што се сметаат за доволно развиени со појако аграрно развиени дека се отидени средствата, а и до денес не се кажува зошто и каде се наменети и дали правилно на оние кои сакаат да се повратат во тој крај, што сакаат да ја развијат таа дејност му е дадено. Претполагам дека сето тоа ако е пуштено, тоа е пуштено, отидени се во организации каде што немаат врска со развојот на пограничните и ридско - планинските краишта, а плус тоа за таа намена што беа определени. Јас овде сега не сакам да зборувам за ридско - планински неразвиени, затоа што овде имаме еден комплекс кој што и порано го зборувавме дека кога се

зборува за Мариово не треба ние да го дискутираме Мариово како едно неразвиено подрачје на Битола, Прилеп и Кавадарци и сега по мое мислење излегува од каде има повеќе приврзеници во Владата и во ресорските министерства таму се отидени парите, а проблемот не е сторен, не е правилно распределен. По мое мислење не е, туку и така треба да биде дека за Мариово треба да се изгови посебно студио, план и програма како едно големо подрачје кое е напуштено и иселено и тоа ќе биде посебен третман на Републиката, да не го издвојува Прилеп, Кавадарци и Битола, туку посебен третман каде што зазема еден голем дел од Република Македонија, каде што со иселувањето на тие села во тој режим, кога се одземаа овци, кози, земја, кога ги теравме колективот да го напуштаат и тие се иселија, остана тоа ненаселено и така огромна површина и пасишта и обработливо земјиште и куќи и села се опустошени. Незнам зошто дискутираме ние везден за тоа. Јас знам дека едно здружение кое е на ниво на двете, а ми се чини и на трите општини работеше и из- готви едно доста добро студио за развој на Мариово, не по општини и тоа досега не е отпочнато да се развива и не е спомнат тој план и таа програма, па јас предлагам, до кога ќе молчиме и ќе дискутира- ме за овој крај да почнеме еднаш да го развиваме, а ќе доделуваме мали фондови каде што ќе крпиме некои непотребни работи во општини каде што и не треба таква помош. Затоа, последно еднаш треба на оваа Република да и дојде до памет дека ако ние не почнеме на овој план да работиме за тоа, тоа ќе остане таков крај и ќе почнат да го населуваат луѓе кои немаат врска ни со едното ни со другото, туку сосема со некоја друга цел. Нека Републикава се свести што прави со таков огромен регион иселен со своите жители во градовите и во далечните прекуокеански земји и Европа. Еднаш последно велам да се зафати Владата и овој Парламент и да нема отстапки, да нема дискусии

туку од денес да почне со програма, со план за развој на тоа подрачје таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас во оваа прилика излегов само да кажам дека предлогот што е на законот за расправа пред нас денеска е нужно и потребно да го усвоиме, од причини што се работи за норматив кој го пренесува овој период што има настанато фактичка состојба во Република Македонија во врска со започнатите, а недозавршени проекти кои беа преглед на работа на Фондот за неразвиени подрачја во Република Македонија од една страна. Од друга страна каснењето на проектот за преструктуирање на истиот тој фонд и дефинирање на политиката за развој на неразвиените подрачја во Република Македонија и инструментите со кој треба да се обезбеди реализација на таквата политика во Република Македонија. Наспроти искажувањата што можеа да се слушнат од оваа говорница дека се работи за еден надминат проект итн., кој во секој случај држи во основа, но се работи и за тоа што доколку ваква нормативa во овој период за тековната година 1993 година и за кои се однесува законот со усвоениот амандман дека овој закон ќе важи до 1993 година, можно е да настанат одредени и материјални последици во Републиката, со оглед дека одредените проекти кои се во завршна фаза е нужно да се поткрепат со додатни финансиски интервенции за да можат да се ставaт во функција на тековна репродукција и тековно производство во тековната година. Тоа е мојата заложба и мислам дека и заложбите овде што беа во правец и по овој повод што денес разговаравме, а и во неколку прилики во минатиот период и повод кога разговаравме за проблематиката што ја третираат овој сегмент за неразвиените подрачја што со право беше истакнувано дека таквиот концепт кој досега базираше на инструментариумот кој е на некој начин

надминат или разграден, разрешен со случувањата што се случија во Република Македонија и по- широко на просторите на бившата СФРЈ, нужно треба тој нов проект да се забрза и во текот на годината јас предлагам ова Собрание да го опре- дели максимално рокот, а и од искажувањето на надлежниот министер овде што го слушнавме објективно некаде пред половината на оваа година да стартуваме со дефиниција на почетните инструменти за реализација на таквата политика што има и своја уставна определба и во уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојмир Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Како пратеник од ридско -планинско неразвиено подрачје, поддржувајќи ја програмата сакам да го искажам и следното. Иако издвоените средства од буџетот 0,30% се сосема мали, можам да кажам дека нашата општина која како посебна во однос на користење на овие средства на овој фонд успеа на некој начин со ангажирање на средства од работните организации, од средства на општината во изминатиот период да направи одреден број на објекти кои се од доменот на земјоделството, сточарството, развојот на рибарството, со еден збор дејности кои во дадениот момент се најконјуктурни и така да кажам најпотребни за општината.

Секако, дека овој закон треба сите заеднички да го под- држиме, а јас консултирајќи ја одговорната структура на ниво на општина дојдовме до заклучок дека во понатамошното работење фондот треба да биде зголемен со средства поради што пред два месеца поднесовме амандмани, кои како заклучоци во ребалансот на Буџетот влегоа и се донесе заклучок фондот да се зголеми на тој начин да им се придонесе на овие општини во оваа смисла. Ова и поради тоа што конкретно за мо-

јата општина во досегашниот развој, општината беше на некој начин како погранична стратегиски така да кажам запоставувана, а што беше и причина денес да биде една општина со најголемо изразено миграционо движење. Меѓутоа, сегашните сложени економски услови условуваат токму таа миграција да добива обратен пад, така што мислам со постоењето на фондот и со правилната прераспределба ние во наредните години ќе постигнеме нашите луѓе од поголемите центри да се вратат во местото од каде што се, а со тао најрационално ќе го користиме благото што постои во ова наша држава. Мислам дека и постојните републички проекти, како што е гасоводот, кој треба преку мојата општина да пројде, планираната железничка линија и другите инфраструктурални објекти меѓу кои и развојната патна мрежа даваат за гаранција нашата општина како една од најразвијните со време ќе биде една од најдобрите, а што мислам дека треба да биде на сите нас морална обврска како за Крива Паланка, така и за сите други неразвиени општини кои што се корисници на овие фондови.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Јас, исто така, ги поддржувам дискусиите и напорите овој закон да се донесе, бидејќи е од огромно значење за послабо или не- доволно развиените краишта. По овој повод сакам да замолам Владата да врши малку повеќе напори во релација нова позиција на Република Македонија и новите измени во кои се наоѓаме.

Општината Чаир една од петте општини од градот Скопје опфаќа една широка територија која за прв пат се подвлечува и граница помеѓу северниот сосед и Косово. Населението е од најмешан состав, т.е. од сите можни националности. Живеат во овој дел и македонци, албанци, турци, роми, срби, муслимани и што не дрого. Има, по доста села кои се чисто планински и ридско планински каде патната мрежа е во многу незавидна позиција. Заправо, сега со новата граница неколку села скоро

и да се отцепени од градот. Во овој правец е и мојата молба во првата можност за корекции и интервенции да се има и тоа предвид.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, ја поздравувам политиката за побрз развој на недоволно развиените подрачја на Република Македонија. Затоа го поздравувам и законот за учество на Републиката за оваа намена за 1993 година. Ова заради тоа што мора да се обезбеди континуитет во остварувањето на оваа политика која беше зацртана и во претходниот период. Гостивар со околината како неразвиено подрачје посебно е заинтересиран за остварување на оваа политика. Затоа, гласам за гласам, и за наредниот период за законот кој е на дневен ред.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници. Јас би кажал нешто малку спротивно од делот на дискутантите кои што зборуваа врзано со овој закон. Најпрвин, јас исто така се залагам и ја почитуван иницијативата околу донесување на еден ваков закон односно закон кој ќе овозможи создавање на предуслови за еден порамно мерен развој на сите краишта од нашата држава. Меѓутоа, истовремено морам да кажам дека не се слагам со одредените решенија како механизам кои што се предлагаат од страна на предлагачот на законот. Ова кога го зборувам пред себе ги имам предвид следните моменти. Најпрвин, искуството и постигнатите резултати во изминатиот временски период , во кој морам да кажам дека имаме едни случаи на добри примери, на постигнати резултати и дека ваквите напори на Републиката во целина дадоа еден значаен придонес за развој на поедини краишта. Меѓутоа, и очигледно е дека многу проектили и решенија останаа не со саканите цели или служат како пример на лоши,решенија, поготови што овие решенија базираа на така наречената договорена економија„каде што

повеќе се приоѓаше од еден аспект, од аспектот на желбата за побрз развој, а за поставувајќи ги основниот принцип, принципот на пазарната економија. Во сегашното време кога се залагаме за еден нов квалитет и нови принципи на развојот, од тие причини ваквите механизми и ваквите решенија кои што беа досега и кои што се предлагаат мислам дека дел од нив се надминати. Од тие причини сугерирам на предлагачот да вложи напори за изнаоѓање на нови пазарни решенија преку кои што ќе се постигнат саканите цели. Ние како пратеници овде од оваа говорница можеме да лицитираме и да се обидуваме да собираме поени секој од својот дел, дали е тоа од Крива Паланка, Кочани или друго место, меѓутоа, ние мораме да ги имаме предвид општите интереси, а тоа значи интересите за остварување на едни цврсти, економски и пазарни принципи.

Од тие причини предлагам во овој дел на решенијата да пријдеме со еден нов пристап.

**ИВАН ИВАНОВ**: (продолжение)

Во кои пред се треба економските и пазарни принципи да бидат основ преку кој треба да се помогне за еден порамномерен развој, при тоа секако државата треба да има еден свој удел, кога мислам на државата мислам на Владата и на Собранието како законодавен орган, кој што треба да изгради принципи и критериуми со кои ќе се овозможи преку одредени околности или олеснувања да се предизвика на оние што имаат капитал да бидат заинтересирани да вложуваат во таквите краишта, а со тоа таквите проекти да придонесат и за саканите резултати. Јас се согласувам дека од тој дел на средствата треба да биде сообразен на едни солидарни принципи, како што беше нешто слично, меѓутоа, во поголемиот дел решенијата треба да базираат на економски принципи. Ако вака пристапиме и ако Владата пристапи со еден ваков пристап, мислам дека ќе се избегнат досегашните слабости кои што постоеа во тој дел, а со тоа ќе се придонесе за остварување на саканите цели и создавање на здрави економски објекти кои ќе придонесат за понатамошниот развој побрз во Републиката.

**МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги и колешки пратеници, до 1971 година имаше една политика на иселување на селото, така да до 1971 година грото на селата, што еве некои пратеници пред мене кажаа беа просто збришани од картата на Македонија. Меѓутоа, од 1971 година наваму како да се сврте некој друг лист, така одредени региони, каде што спаѓа и мојот, општина Виница, 50% е селско население, а 50% е градско. Така да би требало сега да размислуваме за тоа . Добра е заложбата и на оние колеги што велат дека треба да ги вратиме на село луѓето со одредени мерки законски, или некои други кои ќ создадат поубави услови за живот

на село, правејќи така помала разлика помеѓу градското и селското живееше. Меѓутоа, пред се, јас мислам треба да го запреме трендот на иселување на оние места кои што тоа ќе го продолжат, сега е мал обем, меѓутоа, ако дојде до дисконтинуитет по мерките кои што сега се предлагаат, т.е. ако престане да функционира овој фонд, а немаме ново решение, тоа ќе значи одлив на ново селско население од тие пасивни краишта. Затоа јас мислам дека ова продолжување на мерките кои што беа досега, издвојување од буџетот кое што не е среќно решение меѓутоа, кога немаме подобри решенија, сигурно дека е добро и тоа додека да се најде соодветно решение, а тоа соодветно решение сигурно ќе се најде нова законска регулатива која што да се надеваме дека до крајот на оваа година ќе биде донесено.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене лично не е спорна уставната обврска на Македонија како држава да го поттикнува економскиот напредок и да се грижи за порамномерен простор и регионален развој за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Меѓутоа, што се однесува до понудениот Предлог на закон ќе бидам воздржан, не заради тоа што сум против уставната обврска што во Уставот на Република Македонија е утврдена , туку заради тоа што нови прописи со кои ќе се уредува регионалниот развој на РМ, од 199 0 па наваму немаме , а прашање е и Владата кога ќе ги понуди во редовна процедура во Собранието на РМ.

Во услови на стопанисување, какви што имаме денеска, прашање е всушност и што може да се смета за недоволно развиено подрачје во Републиката. Да ја земеме на пример општината Гевгелија, од каде што

сум пратеник во ова Собрание. Иако се смета за развиено подрачје, затоа што природните услови создаваат претпоставки за земјоделско производство и претставува земјоделски регион. Сепак како држава и Влада и Собрание, прашање е колку создаваме услови за стопанисување на стопанските субјекти во развиените општини и подрачја, од каде што со зафаќањата што ги предвидуваме во Буџетот на Републиката би се акумулирале средства во Фондот за да се прелеваат во неразвиените подрачја. Затоа го спомнав примерот природните услови создаваат претпоставки за работа, за производство земјоделско, меѓутоа, државата воопшто не се ангажира да создаде услови за стопанисување, за производство, за откуп и пласман на земјоделското производство, наводнувањето, снабденоста на земјоделците со семенски материјал, со хемиски средства за заштита на растенијата, со вештачки ѓубрива и друго, што е основна претпоставка навистина да имаме добро стопанисување, огромни профити од чии што делови би се зафаќале средства за да се наменат во недоволно развиените подрачја.

Понатаму сметам дека и предложениот текст на законот без разработени критериуми за утврдување на подрачја, не правилно го толкува оној дел од Уставот, односно уставната категорија по член 57 заради тоа што во Уставот на РМ се дефинирани стопански недоволно развиени подрачја, а не стопански недоволно развиени општини. Затоа сметам дека уставната терминологија не соодветствува со текстот на предложениот закон. И во предложените амандмани од повеќе пратеници се предлагаат одделни општини да бидат дефинирани како сто- пански недоволно развиени подрачја, за да бидат финансирани одделни проекти од Фондот. Меѓутоа, без соодветна анализа и

критериуми колку средствата што се вложени се вратиле назад, се репродуцирале, ние како пратеници не располагаме со соодветни анализи и информации и затоа и пратениците се доведуваат во една незгодна позиција, дали да гласаат или да не гласаат за предложените амандмани, затоа што немаат објективно изградени критериуми, стандарди, според кои подрачје како стопански недоволно развиени, ќе биде утврдено , за што државата ќе води посебна сметка за неговиот развој. Ние според сегашните критериуми одделни општини можеби нереално имаат многу поголем развој, иако според националниот доход по глава на жител да претставуваат и да потпаднат под третманот на недоволно развиените стопански подрачја, и затоа е потребно еден систем кој ќе го разработи регионалниот развој на Република Македонија за да можеме како пратеници да се изјасниме во ова Собрание. Меѓутоа, имајќи предвид дека предложените закони ги предлага Владата која што има одредено мнозинство во Парламентот, предлагам и покрај тоа што ќе гласам воздржано за овој закон, а и за наредниот предлагам Собранието да утврди една препорака до донесувањето на новите прописи со кои ќе се уреди регионалниот развој во Македонија на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, да му се препорача со средствата од Републичкиот буџет да се обезбеди финансирање само на веќе започнатите проекти, односно да не започнуваат нови инвестициони вложувања во проекти во оние општини кои според досегашните прописи имаат статус на неразвиени општини, туку да го финансираат на досега започнатите проекти до започнувањето на еден цел проект законски со кој ќе се уреди регионалниот развој на РМ. Препораката е доставена до Собранието.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Како надоврзување на претходниот дискутант, односно за немањето потреба од донесувањето на таквата препорака и за информирање во Програмата на Републичкиот фонд за неразвиените подрачја за 199 2 година, поради недостигот на средства, за кои ние овде одлучуваме, третман и содржина на таа програма имаат само веќе започнатите објекти, така да нема потреба да се носи препорака веќе во нивната програма, тоа е така утврдено. Јас мислам дека многу погрешно овде во дискусијата се искажува, јас сум за донесување на овој закон, некои се искажа дека е против донесувањето, фактички овој закон е истата содржина кој што и досега беше децидно сите членови на постојниот закон, единствено се менува продолжувањето на важењето на овој закон и во 1993 година. Мислам дека не е многу паметно да се предлага до изградувањето на еден концепт на регионален развој, како што е уставната категорија, што сигурно ќе бара многу повеќе време и постапка на донесување и овде во Собранието да се прекине континуитетот на стимулирање и поттикнување на развој на овие неразвиени подрачја, во таа насока сметам и моето залагање е во правец на тоа да се поддржи овој закон, а сета оваа дискусија сигурно ќе има влијание и во поттикнувањето на надлежното Министерство и Владата за што побрзо изготвување на системскиот закон што е за регионален развој на Републиката.

За потребата од донесување на овој закон само ќе ви спомнам еден пример што сега е актуелен во Кавадарци. Во пределот што е ридско - планински во општина Кавадарци, меѓу кој и делот на Мариово, моментално по програмата на Републичката геодетска управа се врши премер на тој дел и таму услов е_да се обезбеди сместување на лицата што ќе бидат привремено ангажирани. Вие верувале или но од бараните

60 лица за на таа работа, 360 се јавија како кандидати кои се заинтересирани на тој неразвиен крај да вршат таква привремена работа. Зборот ми е со едно осмислување и оживување во секоја смисла, пред се, на стопанска активност таму, и те како ќе се создадат тие предуслови од инфраструктура што ќе го повлечат населението и работно да се ангажира,а подоцна сигурно и со место на живеење.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани колеги. Кога немаме алтернативен модел, мислам дека овој модел треба да го поддржиме вре- мено како што е речено до крајот на годината. Меѓутоа, овој модел на третман на недоволно развиените краишта, беше апликативен во еден друг систем и во еден друг начин на живеење и творење, а мислам дека сега потребно е третманот на недоволно развиените краишта да биде на сосема други основи и поинаку насочен. Ние знаете дека уставни основи на сопственоста имаме на два модела. Приватната и државната сопственост. Ако сакаме сега, а мораме тој модел да го развиваме, тогаш треба да го направиме и алтернативниот модел, апликативен во новите услови. Имено, државата треба да има третман на недоволно развиените краишта на тој начин што ќе создаде инфраструктурен амбиент во кој што ќе може да се насели приватната иницијатива врз пазарни услови. Во спротивно, мислам дека третманот на недоволно развиените краишта нема да биде адекватен ако централна институција финансиска буџетот, не ги насочи своите средства во инфраструктурниот сектор, за да може да создаде амбиент за развој на приватната иницијатива, односно микроекономските субјекти ќе се населуваат во неразвиените краишта врз база на сопствениот пазарен интерес.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа,сакам да се заблагодарам за тоа што добив збор пред да настапи госпоѓата министер затоа што ќе можам повратно нешто да чујам околу оние прашања што ги имаме. Начелно сакам да ги ставам забелешките свои. Имаме точка на дневен ред чиј назив гласи ни малку ни многу, поточно содржи 21 збор, а дополнително кон зборовите имаме сврзници, имаме и предлози. Воедно сметам дека од таквиот конфузен назив, воопшто не може ни да се зацрта темата за која мислиме да разговараме. Мене ме изненадува што при крај на 20-тиот век сеуште има во себе нота на привлечност стекнувањето статус на неразвиен крај, на неразвиена општина. Како да таквиот белег е огромна предност. Се заложувавме за пазарно стопанство, отворени граници, инвестиции, широк развој, а воедно сакаме нашите општини да ги означиме за неразвиени. Јас мислам дека секој оној кој за својата општина сака да избори статус на неразвиена општина и нанесува штета, бидејќи принципите на демократијата, принципите на слободниот проток на луѓе, на стока, на капитал, на услуги итн., тие принципи сметаме и на овие простори да заживеат многу брзо. Инаку, барам по мое видување, нашата улога тука е промашена.

Кога веќе зборуваме за тоа што е развиена општина, имам една втора моја забелешка. Општинските атари не можат да бидат критериум, што да биде сврстано во некаква активност за заживување на севкупниот живот. Јас повеќе се залагам за тоа да се зборува за поимите регии и третманот да биде над општински. Исто така изненаден сум од една инертност што и после монистичкиот период овде кај нас постои, а тоа е пред се во методологијата, што тоа или кој крај на основа на што го вреднуваме во неразвиен  крај. Ако од една страна нема веќе население,

или општиот биолошки минимум тоа се места, тоа е сведено за обнова. локации запустени во кои на некаков минимум и под

IX/1/CJ/OM

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (Продолжение)

Има места кој се уврстуваат у неразвиени, а воедно таму животот е барем по она што е Републички стандард или државен стандард, сепак е повисок. Имано, дали можеме да третираме мста, села, атари, селски атари за неразвиени кога цените за недвижностите во некои атари се повисоки од цените на недвижностите, па и во самиот град Скопје. Според мое видување, такво нешто не е допустливо. Ако веќе има интерес да се плаќаат високи, би рекол ајс астрономски цени за ниви од еден или два хектара, цени каде што и умот се завртува мене навистина ме изненадува приодот таков крај да биде уврстен во неразвиено подрачје. Ориентирано тоа беше односно тоа беа моите размислувања по повод точката на дневен ред и сосем бегло ќе се осврнам на она што можеби за некого од нас е и болно.

Имено, тоа е Мариовскиот крај. Јас немам рецепт како тој крај да се ревитализира. Сакам само да напоменам дека основа за негов напредок е слободниот проток. Имено од поделбата на Македон- ската територија Мариовскиот крај систематски се пасивизира. Колкав е уделот во тоа на бившите власти исто така не можам јас да направам елаборат. Но, сите наши напори на ниво на Република Македонија ќе бидат по мое и осуетени во колку не се отвори границата за слободна размена.

Инаку, законот што сега е предложен јас го сфаќам како нужност. Јас се прашувам дали моравме да бидеме доведени до таква нужност. овој предлог за мене е израз да кажам на неспособност на Владата да ја раководи државата , а за нејзино водење воопшто не може да биде збор. Заради ваква пасивна политика имавме критики и мене ми беше мило што бевме тогаш смели таквите критички приоди да се изнесуваат кон

минатата Влада, но сега гледам после стекнувањето на политичка одговорност некако и диоптријата се менува, за жал на штета на граѓаните и граѓанките. Моето изјаснување околу предложениот закон не можам за сега да ви го кажам едноставно и натаму сум во дилема.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, функционирањето на институцијата фонд за развој на недоволно развиените краишта историски датира уште од првите години на ослободувањето на поранешна Југославија. Ние низ педесетгодишниот период, институцијата добиваше разни форми, почнувајќи од локалните инвестициони фондови, Републичкиот инвестиционен фонд и Фондот аз развој на федерацијата. Па подоцна со укинувањето на локалните инвестициони фондови се до дезинтеграција на СФРЈ овој Фонд широко во практиката функционираше во две форми како РФНП и ФНП. Според мене има потреба од донесување односно според мене има потреба оваа институција да постои и понатаму, но посебно е прашањето дали на овие основи. лично се залагам за натамошно функционирање на оваа институција но на сосема нови основи кои верувам дека до крајот на 1993 година ќе ги понуди Владата.

Постоењето на фондови за развој на неразвиени краишта впрочем е познато во целиот свет, независно од тоа како тие функционираат и кои се нивните цели. Функционирањето на фондот во иднина, според мене, исклучиво треба да базира на строго почитување на пазарните критериуми, а не да ја игра улогата на финансирање на политички оправдани проекти како што беше во минатото. Кога зборувам за минатото да кажам дека повеќе од овој фонд профитираат развиените отколку не развиените краишта. Впрочем за ова има доста економски докази, меѓутоа , за тоа сега да не зборувам.

IX/3.-

Го поддржувам предлогот и мислам дека има потреба од продолжување на овој фонд.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, според мене основна грешка се прави, расправата за овој закон се префрла за наредниот закон. Пред се мислам, ние како Република сме целосно неразвиени и овде настануваат многу дилеми која општина да влезе во овој кош. Станува збор за помагање на подрачјата кои се помалку развиени од другите подрачја мислам дека тоа е востановена институција или фонд во овој случај и во другите земји се прави оваа работа, секогаш по неразвиените добиваат на еден начин помош за вложување во стопанството за да можат побрзо да се развијат. Друго е прашањето што треба Владата да даде нови критериуми и според тоа да определиме кои краишта ќе бидат тие што се помалку развиени, а кои повеќе развиени.

Друго прашање што се наметнува исто така кога ќе дојде за расправа, како се распоредуваат овие средства и каде се трошат, овде мислам тогаш треба да кршиме копја, дали се правилно дадени и како во наредниот период треба да се користат. Овде навистина сите имаме примери дека секогаш не се давани наместо односно има случаеви кога напротив средствата се користени во краишта каде се повеќе развиени од други места. Во тоа е спорот инаку, донесувањето на законот не треба да стане збор да не се донесе и во секој случај ние и до- сега работевме две години по овој Закон, па и до донесувањето до изградувањето на нови критериуми мислам дека треба да продолжи да функционира овој закон, а овде само станува збор само за начинот на финансирањето на овој фонд, од каде доаѓаат средствата.

IX/4.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, малку ќе се задржам, само една минута, две, ве сослушав сите и од сите по нешто прифаќам, меѓутоа едно нешто не разбрав. Кога треба да се изврши кредитирањето на недоволно развиените краишта прво заборавивме на една работа. Еве што заборавивме. За да се развијат одделни области, неразвиени треба да има стратегија. Тоа никој не го спомнавте. И друго, не спомнавте една друга работа дека тие области се пусти. Прво треба да насееме народ, а потоа да ја направиме стратегијата и да видиме што ќе добиеме од тие пусти места. Велиме ќе дадеме. Како ќе дадеме и како ќе го направиме тој фонд кога треба да земеме од три сиромаси, па да направиме еден богат. И тоа не го кажавте никој.

Кога се работи за една таква работа не се прави од пајажина ткаенина, треба да имаш овци. Ние и тоа го немаме. Значи, треба во поодделните министерства во нашата Влада да се створени, треба да работат поодделни комисии стручњаци кој од денес ќе ги снимат сите тие подрачја и за кој ќе донесат план на развој и ќе му овозможат, еве ќе ви дадам еден мал пример, што ќе правите Вие сите во Мариово заедно со мене? Ќе ве прашам, кој сака нека ми одговори. Меѓутоа, меѓутоа може да направиме во Маријово нешто ако Мариово го земеме како една целина што може да ни даде Мариово, може многу да ни даде, и ако се нафати не сиромашкиот фонд , ако се нафати да речеме една компанија, странска, наша, луѓе од нашата Република кои работат надвор и ќе речат може да се направи ова во ова место, 50 иљади овци, 60 иљади кози , да се направи една фабрика за користење на дрвото итн. итн., да се отвори тој рудник, да се да се направи тој рудник, ние го копаме рудникот и последен ден во тој рудник ги фрламе камењата  и викаме вака,

IX/5.-

Кајмакчалан имаме таа руда, и господ да ја прости. Така не се зборува и не се носат такви планови. Неколку пратеници зборувавме за Дојранското езеро. Откако умре Дојранското езеро ние сега ќе му палиме само свеќа. Таму умре стопанството, тие живееле од рибата. Сега треба да му донесеш вода, да му насадиш риби за да работат луѓето и потоа можеш да ги кредитираш за да го размножат тоа, а треба да го имаме во предвид еден друг фактор што е најважен, ние веќе влегуваме во пазарна економија, по стратегијата треба да мислиме и да направиме план, дотичните министерства дали најдат пазари каде што ќе пласираат тие луѓе од тие поодделни области.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници, сосема е разбирлива мотивираноста да се дискутира за оваа проблематика во услови на скуден обем на средства што можат да се вложат во развојот и она што преку фондот се издвојуваше и вложуваше во недоволно неразвиените, навистина претставуваше некаков обем на средства за дименизирање на незиниот развој. Разбирлива е и мотивираноста да се презентираат сатовите, интересите од сопствената изборна единица.

Меѓутоа, јас дискусијата ја разбирам ако дискусија на функција на физиономирањето на решенијата во идниот концепт за регионален развој. Јас кажав, а некои пратеници се обидоа исто тоа да го предочат на денешнава расправа дека станува збор едноставно за продолжување на законска регулатива која и беше на снага до крајот на 1992 година. Мислам дека и не ќе е потребно Парламентот посебно да донесе заклучок да со овие средства се обезбеди само реализација на започнатите инвестициони проекти затоа што обемот на средства кој што се издвојува, кој штос е издвојуваше минатата година, а според

предложеното законско решение и натаму станува збор за ист обем на средства, се разбира како релативно учество во општествениот производ е толкав да може да ги задоволи само тие потреби на завршуваше на започнатите инвестициони објекти.

Околу терминолошкото несогласување со одредбата на Уставот, незнам дали може да се поддржи таквото толкување, таму станува збор за подрачја, а во овој закон општината има третман на подрачје. Беа спомнати и некои други региони и овде не ги гледаме дадени во законот, но да потсетам станува збор дополнително за развој на компактно заостанати региони, за развој на погранични подрачја и за развој на ридско планински подрачја кои се покриени со друга нормативна регулатива, а кои исто така се корисници на средства од Републичкиот фонд за развој.

И уште еден коментар на дел од дискусијата, некако како по инерција одиме со критика на Владата, меѓутоа за нешто од таа критика нема покритие. Само да ги потсетам пратениците дека во ваквата законска регулатива воопшто не е во надлежност на Владата водењето на политиката на регионален развој и оттаму не може да одговара каде и зошто се трошеле, користеле тие средства. Да потсетам дека фондот за развој е како институција надлежна за спроведуваше на оваа политика и е во директна релација со Парламентот. Една нелогичност, значи со законодавната, а не со извршната власт, една нелогичност што ќе настојуваме да ја коригираме со новата законска регулатива.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Се извинувам што сега земам збор, еве само пет реченици заради мирна совест што би се рекло. Слушнавме образложение и во законот и од почитуваната министерка зашто ни се нуди сега ваков закон и се

разбира секогаш има причини зошто така се поставува. Ова прашање го третиравме и во наши партиски програми и во онаа програма на која што и јас работев и се разбира и тука имавме во предизборниот период ветувања за нова регионална политика и слично на тоа. Ова прашање на недоволно развиените без дискусија е дека требаше да биде третирано на многу поопстоен начин од сите негови аспекти. Начин на собирање на средства, начин на употреба на тие средства, подрачја, критериуми за доаѓање до тие подрачја и слично на тоа и многу други прашања во врска со потребата од побрз развој на неразвиените краишта, да не говорам да го употребам терминот регион и бидејќи тоа е пак некој сосема друг пристап кој што засега во досегашната концепција не постоел.

Х/1/НН/лј

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

И сега тоа го немаме со образложение дека немало време досега да се подготви таква расправа, таков пристап во врска со тоа што може да биде и еден навистина објективно посочен аргумент од Владата, која што пред 7 месеци дојде на чело на извршната власт во Републиката. Седум месеци, се разбира се малку, меѓутоа можеме да констатираме дека се наоѓаме во трета година од мандатот на ова Собрание и на формирањето на власта во новите принципи за конституирањето на власта во Македонија. Значи, влегуваме во трета година и во трета година кон- статираме дека немало време да се подготви нешто поинакво во врска со оваа материјапа се разбира различна е одговорноста на некои што потрошиле повеќе од овој мандат и на некои што потрошиле помалку од овој мандат. Но, во секој случај јас сакам да констатирам дека ми е понудено исто всушност, што не се крие од страна на предлагачот. Понуден ни е континуитет, понуден ни е нов преоден период до ново законодавство. Тоа е главната констатација во врска со ова. Всушност, понудено е на ист начин да се трошат одредени средства и на ист начин да се прават инвестициони програми во кои што цената на капиталот без друго е потценета и врз основа на кои што се добиваат различни оценки за ефикасноста на било која инвестиција. Ова не ја исклучува потребата од поевтини пари за недоволно развиените подрачја но на овој начин ја вклучува необјективната цена на капиталот и од друга страна необјективната оценка од очекуваните ефекти на било која инвестиција. Но, тоа е малку поширока тема околу која не би сакал да навлегувам заради времето, но во секој случај логиката од постариот систем продолжено се репертуира и во наредниот период.

Што останува кога сме доведени во оваа ситуација. Или да прифатиме еден ваков закон кој што треба да премости уште еден

период додека биде подготвено нешто ново, или да одбиеме. Значи доведени сме во ситуација да одбереме што е помало зло. За да не замре активноста на тој фонд сосема бездруго треба да прифатиме и еден ваков закон, но констатацијата останува дека ништо ново во врска со оваа материја не добиваме.

Ова не е посебен прилог, но во секој случај ако мандатот измине и ние во четвртата година добиеме по некој закон тогаш системот за да го измениме во согласност со системот кој сакаме да го направиме врз основа на проектот што го диктира уставот тогаш времето е за секој случај пропуштено.

**БЕКИР ЖУТА:**

Неколку пати се констатира, па чувствувам потреба дека треба некои работи сепак да ги претставиме такви какви што се, без да им прилепиме етикети во еден или во друг правец. Да се соочиме со вистината со која се среќаваме. Никој никому не сака и не може и да сака да му подметнува решенија кои не се во контекст на состојбите кои се присутни во нашата работа, како Влада, како Парламент итн.

Сакам да ве потсетам дека уште во мај 1992 година е презентирана анализата за работењето на Фондот и варијациите, размислувањата, правците, како треба таа политика во иднина во рамките на оваа држава да се спроведе. Таа доживеа своја расправа на декемвриските седници на работните тела на ова Собрание, а со тоа Владата сакаше да добие извесна верификација на размислувањата дадени во тој правец за да пристапи кон предлог на нов закон во оваа сфера.

Со оглед дека дури во декември таа верификација е спроведена во телата на Собранието Владата не беше во состојба да понуди преку ноќ нов закон, затоа што тој закон не може да оди по скратена постапка со оглед на неговото значење, туку треба да оди во редовна постапка.

Според тоа беше презентирано благовремено да се продолжи векот на траењето на овие два закони, наместо заклучно со 31.12.1992 година, да им се продолжи тој век за да се добие во време за да се подготват текстовите на законите. Следствено на тоа овие текстови на закони не претставуваат никакво решение, туку преместување на состојбите кои беа присутни и во 1992 година и наследени со функционирањето на фондот и не претставуваат никакви нови решенија, но за да не се создаде временски вакум во ова подрачје, во развојот на недоволно развиените подрачја во Републиката. Затоа што, доколку ова^не го правиме денеска на оваа седница ние не ќе можеме веќе да пласираме средства и така скромни во оваа функција, за која сите се залагавте денеска.

На крајот да уочам уште една работа. Цело време не да е Владата, не го направи тоа, не го направи ова. Ве молам, фондот е на Собранието на Републиката. Ингеренциите на Владата се во поглед на фондот единствено да даде мислење кога фондот поднесува извештај до Собранието, но не е и мериторно да одлучува каде ќе се инвестира или во што ќе се инвестира и дали една или друга инвестиција е поефикасна и слично. Мислам дека треба да ги лоцираме работите на свое место. За никаква игра не се работи, туку затоа што бевме спори во тој процес, дури во декември добивме верификација на анализата, нас ни треба време, сега да ги провериме сите искажувања за да пристапиме и да излеземе со предлог на закон. Така треба да ги прифатите овие закони, за премостување а не нови решенија. Никој не говори дека нудиме нови решенија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако некои пратеници ја напаѓаат Владата ми се чини дека најмало право има да се брани потпретседателот бидејќи двајцата потпретседатели, носечки во Владата од претходната останаа во новата.

Што се донесува до ингеренциите према Фондот дека се во парламентот тоа воопшто не е оправдување за Владата. Владата немала можност за да влијае врз работата на Фондот бидејќи фондот го именува Собранието. Кој ја спречува Владата да предложи закон за да се промени овластувањето за именувањето на членовите на управниот одбор на Фондот од Собранието према Владата. Барем, тоа е најмал проблем. Владата во секое време може тоа да го предложи. Затоа сметам дека не држат оправдувањата дека парламентот е надлежен, Владата нема овластување по основ на закон да влијае врз политиката на работењето на фондот и затоа е надвор од игра.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за учество на Републиката за обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените краишта за 1992 година.

Кој е за, молам да крене рака? (73)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (12)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(78)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање?(13)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон

X/5.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Против сум овој закон да се донесе на денешната седница. Против сум затоа што донесувањето на законот значи продолжување на старата пракса. Јас ги уважувам и искажувањата, дел и на почитуваниот потпретседател Бекир Жута, како и на надлежниот ресорен министер, меѓутоа времето на донесувањето, или подготвувањето не треба да биде предуслов за да ги продолжуваме работите со старото темпо. Особено што ние треба да расправаме за многу објекти што се изградени од овие средства и треба да бараме решенија. Најверојатно дел од овие средства ќе бидат фрлени пак во објекти за кои утре ќе треба да бараме адекватни решенија

Исто така, против сум затоа што во време кога зборуваме за донесување на решенија за трансформација на општествениот капитал ние повторно со овој закон ќе одиме на решение на поклон на средства, а со тоа на некој начин повторно и таму каде што можеме да постигнеме одредени ефекти ќе треба средствата да ги трансформираме за да утре бараме решение на дел од тие издвоени средства. Од тие причини мислам дека донесувањето на ова решение значи ново продлабочување на присутните проблеми. Секоја чест на исклучоците каде што има добри решенија или на добрата намера како концепт за еден добар регионален развој.

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, јас се изјаснив по Законот и гласав за обезбедување на средства за побрз развој на неразвиените подрачја во Република Македонија, но не можам да гласам за закон во кој што се одредени критериумите за распоредувањето на. овие средства што треба да бидат трошени во фондот. Еве од кои причини.

X/6.-

Заради тоа што овие критериуми и законот што се нуди се веќе одминати. Потребни се нови критериуми заради тота што оваа Република, одредените градови кои што се веќе неразвиени, а ставени во законот, ја имаат изменето својата структура и економска и инфраструктура и по една аналогија од постарото сега истите се нудат во овој закон. Затоа сметам дека треба да има измени, бидејќи во оваа наша држава каде што имаме голем степен на дефлација на стопанството имаме доста неразвиени подрачја. Ако ги анализираме градовите кои што во законот се дадени како приоритет за неразвиени можеби ќе се најдат во една поповолна положба отколку другите градови. Мислам дека Владата, а предлогот и на министерот за развој беше што побрзо да се одредат тие критериуми кои ќе дадат можност за едни поинакви односи во стопанисувањето во новите услови на пазарна економија, а не досегашната договорна и да се даде можност за развој на оние неразвиени подрачја кои што ќе можат со својот развој понатаму да поттикнуваат развој и на други подрачја. Па мислам дека такви подрачја има во Република Македонија и треба да се сврти вниманието таму, и таму да се инвестира, но, треба што побрзо Владата да ги понуди критериумите, а дали овој управен одбор на Фондот или друг ќе ги реализира тоа е работа на ова Собрание. Затоа мислам дека не можам да го прифатам законот за одредувањето на градовите кои се третираат како неразвиени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сметам дека ова не влијае на вашето гласање по овој закон. Овој закон е друг. Дискусијата е за наредниот закон.

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по. Текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против?(4)

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за учество на Република Македонија за обезбедување на средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година.

Бидејќи веќе е 17 часот за денеска да завршиме.

Продолжението на седницата ќе биде закажана по писмен пат.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).